ХИБРИДНИ ЗАКАНИ ПО БЕЗБЕДНОСТА НА ДРЖАВИТЕ | ПЛАНИНСКИ ОПЕРАЦИИ | КОНВЕРТИПЛАН „V-22 OSPREY“ | ОРУЖЈЕТО НА „ДЕНОТ Д“

# ШТИТ

Број 176
Јуни 2024
ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Показна вежба на припадниците на Баталјонот на специјални сили во Кампот за обука на вода во Охрид









# Заседание на Воени

Началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, во седиштето на НАТО во Брисел, учествуваше на сесиите на Второто годишно заседание на Воениот комитет (ВК) на НАТО. Воениот комитет на ниво на началници на генералштабови одржува два редовни состанока во текот на годината, а еднаш годишно се среќаваат во една од сојузничките земји членки. На ова 191-во заседание на ВК, по воведните обраќања на генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг и претседавачот на ВК, адмирал Роб Бауер, на две сесии од страна на командантот на Врховната команда за трансформација, генерал Филип Лавиљ и командантот на Врховната сојузничка команда за операции, генерал Кристофер Каволи, беа презентирани конкретни насоки за имплементација на плановите во конкретни домени. Исто така беше разгледан напредокот во имплементација на Алијансата во однос на спектарот планови за одвраќање и одбрана, усвоени на претходниот самит на НАТО, што ќе биде основа за подготовка за претстојниот самит кој ќе се одржи во Вашингтон







# от комитет на НАТО

ова година. На сесијата на Советот НАТО – Украина се дискутираше за агресијата на Русија врз Украина, актуелната ситуација на теренот и континуираната поддршка за Украина која се обезбедува од страна на НАТО.

Генералот Ѓурчиновски во седиштето на НАТО оствари билатерални средби со командантот на Вооружените сили на САД за Европа и на Сојузничката команда на НАТО за операции, генерал Кристофер Каволи, со началникот на Генералштабот на Вооружените сили на Италија, адмирал Џузепе Каво Драгоне и началникот на Генералштабот на Вооружените сили на Турција, генерал Метин Гурак, на кои се разговараше на теми од заемен интерес и заеднички активности. На средбата со адмиралот Џузепе Каво Драгоне, на генералот Ѓурчинувски му беше доделено највисокото воено признание на италијанските вооружени сили како потврда за одличната билатерална соработка и придонесот за развој на сојузништвото, особено за заедничкото учество со италијанските вооружени сили во мисијата КФОР и во контингентот за зајакната будност во Бугарија.

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
м-р Иван Атанасоски, полковник

Заменик-претседател на Издавачкиот совет
Тони Јаневски, полковник

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчовска-Христова
м-р Здравко Јаковлевски
Билјана Блажеска, полковник
Никола Митровски, полковник
Лилјана Петреска, потполковник
Виолета Костадинова, полковник
Зоран Додевски, полковник во пензија
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
м-р Ксенија Митева
(лектор)
Александар Атанасов
(технички уредник на овој број)

Печати:
„Фокус принт“ – Скопје




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана
https://mod.gov.mk/штит





8
**Комитети и работни тела во НАТО: IAMD PC & AVC (3)**

18
**Планинско војување (3)**
**Планински операции**

# содржина

ШТИТ | година XV I | број 176 | јуни 2024

ИНФО
**Гордана Сиљановска-Давкова, прва жена-претседател на државата и прва жена врховен командант на Армијата**...................... 7

На прва линија
**Геополитички игри на Блискиот Исток** .................................. 10

Глобал
**Хибридни закани по безбедноста на државите**................ 14

Мисии
**Под знамето на ОН**
**Справување со дезинформации во мировните операции**................ 16

Глобал
**Културна дипломатија (3)**.............. 22

Родова перспектива
**Родово буџетирање и интерсекционалност**......................... 26

Вооружување
**Конвертиплан „V-22 Osprey“**......... 32

**„Pars Alpha 8×8“ – оклопно борбено возило**.................................. 36

**„Savoia-Marchetti SM79 Sparviero“**................................... 38

**Модернизирана самоодна хаубица „Арчер“ (ARCHER FH77 BW L52 155мм)** ...... 44

Аеродневник
**Планер „Врабец“ (Vrabac)**................ 46

Воени музеи
**Кралскиот тенковски музеј во Јордан** ........................................................ 48

Уметниците и војната
**Елизабет Саутерден Томпсон (лејди Батлер)**
**Жената која го визуелизирала митот за британскиот војник**...... 54





34
**Беспилотно летало „AAI RQ-2 Pioneer“**

41
**Оружјето на „Денот Д“**

КОН ОВОЈ БРОЈ

ПИШУВА:

**д-р Жанет РИСТОСКА**
Главен и одговорен уредник

# *Жените се сила на помирување*

*Речиси во секој број на „Штит“ се трудиме да имаме напис кој се занимава со проблематиката на родовата еднаквост и родовите перспективи, како во рамките на нашата држава така и на регионално и на глобално ниво. Во фокусот, секако, ни е промоцијата на потребата на родов баланс и имплементацијата на родовите политики и родовата перспектива во безбедносните институции. Потребата од повеќе жени на лидерски позиции е дефинирана и во нашето општество. Полека, но евидентно, состојбите се менуваат во позитивна насока. Во Министерството за одбрана и во Армијата на Република Северна Македонија интензивно се работеше да се создадат можности за жените кои својата кариера ја градат во сферата на одбраната. Се зголеми бројот на жени-офицери, жени-професионални војници, жени-команданти на единици, жени-раководилки на сектори, на одделенија и така натаму. Две жени беа на позицијата министер за одбрана и покажаа видни резултати. Од неодамна имаме и прва жена-претседател на државата, што подразбира дека таа е и првата жена врховен командант на нашата Армија. Гордана Сиљановска-Давкова ја доби можноста да биде прва жена која, како претседателка ќе ја претставува нашата држава на меѓународната сцена. Таа своето прво обраќање како претседателка им го посвети токму на жените, за што пишуваме во овој број на „Штит“. Зборувајќи за тоа како ја доживува претседателската должност кон државата и кон граѓаните таа, меѓу другото, истакна: Време е за единство, кое може да значи и женска филозофија и женска автентичност. Државата ја имаме благодарение не само на комитите и партизаните, туку и на комитките како Сирма Војвотка и на партизанките како Вера Циривир-Трена, Вера Јоциќ и Ибе Паликуќа. Во контекст на улогата на жените во државничките работи и предводењето на големи држави, и во минатото и денес, потсетуваме дека токму во минатиот број на „Штит“ имавме анализа за жените-лидери во која беше спомената дека бројот на современите конфликти и последиците од нив се во пораст, но се забележува еден факт дека, речиси сите земји кои денес влегуваат во војни, се предводени од мажи, од што произлегува прашањето: Дали, ако се постават повеќе жени на лидерски позиции, ќе може да се избегнат ваквите конфликти и, беше констатирано дека одговорот на многу креатори на политики, академици, бизнис-лидери и познати личности , е позитивен во однос на улогата на жените-лидери во решавањето на конфликтите. Во текстот беше парафразирана изјавата на поранешниот претседател на САД, Барак Обама, кој во една прилика изјавил: „Жените несporно се подобри од мажите како менаџери и извршни директори и со повеќе жени-лидери на високи политички функции ширум светот – ќе има помалку војни“. Во една истакнатата книга за тоа зошто насилството се намалува со текот на времето, Стивен Пинкер, познат психолог од Харвард, изјавил: „Низ историјата, жените отсекогаш биле и ќе бидат сила на помирување“.*
*Сето ова оди во прилог на определбите и на патот по којшто госпоѓата Сиљановска, нашата прва жена-претседател на државава и врховен командант на Вооружените сили, планира да ја предводи нашата држава. Ние ѝ посакуваме на најдобар „женски“ начин и да го оствари сето тоа.*

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

zanet.ristovska@mod.gov.mk, stit@mod.gov.mk



# Одлична билатерална соработка со Кралството Норвешка



Началникот на ГШ на Вооружените сили на Кралството Норвешка, генерал Еирик Кристоферсен, оствари дводневна официјална посета на Армијата на Република Северна Македонија. Во Охрид, во Кампот за обука на вода беше реализирана средбата со НГШ на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски. На средбата се разговараше за одличната билатерална соработка помеѓу двете армии. Од страна на генералот Ѓурчиновски беше изразена благодарност за норвешката поддршка и за големиот број заеднички проекти со кои се подобрува нашата интероперабилност и способност за извршување на задачите. Генералот Кристоферсен го истакна значењето на споделувањето обврски и заедничките настапи во операциите на НАТО. Од страна на соговорниците, долгогодишната соработка меѓу двете армии е оценета како особено значајна, со уверување дека во понатамошниот период истата ќе се унапредува. Генералот Ѓурчиновски му додели високо армиско призмание на генералот Кристоферсен „Златна значка на Армијата“, во знак на благодарност за досегашната помош и поддршка, меѓу кои е и последната голема донација составена од 76 неборбени моторни возила. На работната средба со дел од клучниот персонал од ГШ, пред делегацијата од ВС на Кралството Норвешка се презентираа степенот на трансформација и реформите во Армијата на Република Северна Македонија, актуелното учество и придонесот во мисиите, капацитетите на армискиот полигон „Криволак“ за изведување обука и вежби и учеството во заедничките активности на НАТО. Генералите Ѓурчиновски и Кристоферсен проследија и показна вежба на припадниците на Баталјонот на специјални сили, а пред делегацијата беа изложени и дел од моторните возила кои беа добиени како воена донација од Кралството Норвешка, при што делегацијата беше запознаена со планот за нивно распоредување и со активностите во кои овие возила ќе бидат употребувани.

Армијата и Министерството за одбрана имаат развиено одлични билатерални релации со ВС на Кралството Норвешка, кои се одвиваат на повеќе полиња како што се: стручно усовршување на офицери и подофицери за штабни должности, обука и размена на искуства во санитетска обука, односи со јавноста и друго.

Покрај моторните возила, Кралството Норвешка досега на Армијата на Република Северна Македонија ѝ донираше и софистицирана опрема за заштита на телекомуникациските врски, медицински материјал и компјутерска опрема, музички инструменти за потребите на Воениот оркестар, а особено е значајна донацијата на Лесната маневарска полска болница. Покрај ова, со ВС на Кралството Норвешка, наши хируршки и медицински тимови извршуваа задачи во рамките на мисијата „ИСАФ“ и „Одлучна поддршка“ во Авганистан, кои беа дел од персоналот во Норвешката полска болница со „улога 2“.





Со потпишувањето на свечената изјава на 12.5.2024 година пред пратениците во Собранието на Република Северна Македонија, Гордана Сиљановска-Давкова стана првата жена-претседател на државата и, воедно, прва жена врховен командант на Армијата

# Гордана Сиљановска-Давкова, прва жена-претседател на државата и прва жена врховен командант на Армијата

На 151. седница на Собранието на Република Северна Македонија, пред пратениците од стариот пратенички состав, поглавари на верски заедници, носители на јавни и државни функции, пред началникот на Генералштабот на Армијата, претседателот на МАНУ и други почесни гости, новата претседателка на Република Северна Македонија се обврза дека ќе ги почитува Уставот и законите.
Како експерт за избори на ООН, универзитетски професор, правник и пратеник, Гордана Сиљановска-Давкова на претседателските избори успеа да освои повеќе гласови од противникот, досегашниот преседател на РСМ , Стево Пендаровски. Иако и двајцата кандидати се докажани еминентни личности и се мошне добро политичка подготвени, сепак, овојпат, политичкиот државнички „волан“ ќе биде во рацете на жена.
Својот прв говор како претседателка на државава, таа им го посвети на жените. Во своето обраќање Сиљановска-Давкова кажа дека ќе го почитува Парламентот и ќе биде претседателка на сите граѓани, не правејќи разлики според ниту една основа. „Ќе ги заборавам лошите работи. Довербата е важна и ќе ја оправдам. Добив шанса да бидам опкружена со многу жени. Јас ќе го пробивам патот со помош на многу умни жени... Зад успешните жени обично стојат успешни мажи, како што е мојот сопруг“, истакна новата претседателка во својот говор. Таа, исто така, порача дека е време за единство, кое може да значи и „женска филозофија и женска автентичност“ и дека државата ја имаме благодарение не само на комитите и партизаните, туку и на комитките како што се Сирма Војвотка и на партизанките како Вера Циривири-Трена, Вера Јоциќ и Ибе Паликуќа. Таа нагласи дека очекува разбирање за нејзините одлуки, за целокупната работа и владеење на правото како еден од начините за успешни евроинтеграции. Во делот на надворешната политика, Сиљановска-Давкова се обврза дека ќе биде „активен лобист“, пред сѐ во земјите членки на Европската Унија (ЕУ). Претседателката им се обрати и на младите, ветувајќи дека ќе ги поддржува и нив, и во државата, но и оние кои се надвор од државата. А, на мажите не заборави да им порача: „Ќе постигнеме успех ако со нас жените се менувате и вие, мажите“.
Гордана Сиљановска-Давкова ќе биде претседател на државата, во согласност со Уставот и законите, пет години. Претседателот е врховен командант и на вооружените сили, поставува и отповикува амбасадори и специјални пратеници на РСМ во странство, предлага двајца судии во Уставниот суд и двајца членови на Судскиот совет, гувернер на НБРСМ, има право да именува и да го разрешува директорот на Агенцијата за разузнавање, поставува и резрешува началник на Генералштабот, како и генерали, именува и тројца членови на Советот за безбедност, пропишува Указ за прогласување на законите, но може некој и да не го потпише, сѐ додека не е поддржан од двотретинско мнозинство во Собранието. Претседателот донесува стратегија и план за одбрана на државата, ја проценува можноста од воени и други опасности со кои се загрозува суверенитетот, самостојноста и територијалниот интегритет на државата, планира како да се дејствува во воена состојба, пропишува организација и формација на Армијата, дава наредби за учество на Армијата во отстранување на последиците од кризна, воена и вонредна состојба.
Гордана Сиљановска-Давкова магистрирала на Правниот факултет „Јустинијан Први“ на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје. Докторирала во 1994 година на Правниот факултет во Љубљана.
Од нејзината политичка кариера ќе споменеме дека била дел од Уставната комисија во Собранието ( 1990 – 1992) и министерка во Владата на РМ (1992 – 1994 година). Таа е претставник на групата „Независни експерти за локална самоуправа“ при Советот на Европа и е член на Венецијанската комисија.

Васе Митреска




# Комитети и работни тела во НАТО: IAMD PC & AVC (3)

Во НАТО е формирана широка мрежа на комитети кои покриваат различни теми, почнувајќи од политички, воени, до технички или оперативни прашања. Дополнително, постојат и други форми на соработка, партнерство и дијалог (бордови, агенции, организации), кои ги поддржуваат односите помеѓу НАТО и другите земји партнери на Алијансата. Припадници на постојаните делегации на нациите во седиштето на НАТО во Брисел, Белгија, односно национални експерти од државите сојузнички и партнерите, присуствуваат на состаноци на комитетите, кои се одржуваат со персонал од Меѓународниот штаб и Меѓународниот воен штаб, а учество земаат и претставници на стратешките команди на НАТО. Во овој текст ќе бидат опфатени следните комитети: Комитетот за интегрирана воздушна и ракетна одбранбена политика и Комитетот за авијација.

Комитетите на НАТО претставуваат незаменлив дел од процесот на донесување одлуки во Алијансата. Обезбедуваат рамка во која земјите членки можат да разменуваат информации за различни теми, да се консултираат едни со други и да донесуваат одлуки со консензус и заеднички договор во интерес на нациите

**Главни тела за одлучување во НАТО**

**Комитетот за интегрирана воздушна и ракетна одбранбена политика (Integrated Air and Missile Defence Policy Committee – IAMD PC)** претставува мошне важно советодавно и координативно тело за сите аспекти на интегрирана воздушна и ракетна одбрана на НАТО, за воздушно командување и контрола, како и за останати прашања поврзани со воздушната средина. Овој комитет беше формиран со спојување на поранешниот Комитет за воздушна и ракетна одбрана со поранешниот Комитет за одбранбена политика и планирање за ракетна одбрана. Комитетот известува пред Северноатлантскиот совет за интегрирана воздушна и ракетна одбрана на НАТО, вклучително и за балистичка одбрана на Алијансата. Заменик-генералниот секретар на НАТО е претседавач со овој значаен комитет, а тој е поддржан од Меѓународниот штаб, особено од Одделот за интегрирана воздушна и ракетна одбрана во делот на инвестиции во одбраната. Во обезбедување на воено-политички совет, тесно соработува со други високи комитети, со цел да се обезбеди

кохерентност и да се избегне дуплирање на напорите во поширок контекст на работата на НАТО за одвраќање и одбрана.
Комитетот за интегрирана воздушна и ракетна одбранбена политика, исто така е водечки комитет за прашања поврзани со здружената воздушна моќ, со воздушното командување и контрола на НАТО и со соодветните системи. Ја поддржува работата на Алијансата за основање ракетни одбранбени капацитети, вклучувајќи и балистички проектили за одбрана на територијата, населението, силите и средствата на сојузниците. Ова вклучува следење и анализа на релевантните случувања, без разлика дали тоа се предизвици поставени од државните и недржавните актери или предизвици кои доаѓаат од новите технологии, како што се хиперсоничните проектили.
Комитетот за интегрирана воздушна и ракетна одбранбена политика во својата работа ја одразува релевантноста на воздушниот простор и вселената како оперативни домени. Како висок форум за разгледување на сите аспекти на интегрирана воздушна и ракетна одбрана, ги зема во предвид политичките, оперативните, економските, индустриските и технолошките фактори идентификувани од сојузниците и другите тела на НАТО. Комитетот е одговорен да гарантира дека аспектите на интегрираната воздушна и ракетна одбрана се соодветно рефлектирани во Процесот на планирање на одбраната на НАТО.
Интегрираната воздушна и ракетна одбрана на НАТО е суштинска и континуирана мисија во време на мир, кризи и конфликти, со која се заштитува Алијансата во целост од било каква воздушна или ракетна закана или напад. Таа е витален елемент на одвраќање и одбрана, што придонесува за неделива безбедност и слобода на дејствување на Алијансата. Ваквата одбрана ги вклучува сите неопходни мерки за одвраќање, за поништување или намалување на ефикасноста на било каква воздушна и ракетна закана. Се спроведува со помош на пристапот од 360 степени, приспособен да одговори на заканите кои произлегуваат од сите стратешки правци, во услови на растечка и еволутивна низа на предизвикувачки воздушни и ракетни закани од државни и недржавни актери, почнувајќи од беспилотни летала до софистицирани ракетни способности.
Интегрираната одбрана се имплементира преку интегрираниот систем за воздушна и ракетна одбрана на НАТО (NATINAMDS), односно преку мрежата на меѓусебно поврзани национални и НАТО системи составени од сензори, командни и контролни средства и вооружени системи.
Ваквата одбрана е под надлежност на Врховниот командант на сојузничките сили во Европа. Овој комитет тесно соработува со Комитетот за авијација и со Работната група на Воениот комитет за воздушна и ракетна одбрана. Друг комитет што поднесува извештај до Северноатлантскиот совет, ангажиран во доменот на интегрираната воздушна и ракетна одбрана, е Конференцијата на национални директори за вооружување, која ја промовира соработката помеѓу земјите во областа на вооружувањето и го надгледува спроведувањето на Програмата за одбрана од балистички проектили на НАТО.
**Комитетот за авијација (Aviation Committee - AVC**) е значајно цивилно-воено тело на НАТО, со примарна одговорност да го советува Северноатлантскиот совет за сите релевантни аспекти кои придонесуваат за безбедноста на воздухопловството, дава поддршка на целиот спектар мисии на НАТО, а делува и во координацијата, во однос на управување и пристап во воздушниот простор. Комитетот бара насоки за сите воздухопловни прашања од интерес за Алијансата, со цел да се развијат и да се промовираат консензуални ставови за поврзаните политики, програми и способности на НАТО. Дополнително, Комитетот за авијација има главна улога за текот на процесот за пловидбеност, за интеграција на беспилотни авионски системи, за евалуација на сајбер-одбраната и други потенцијални закани за безбедноста на системот за воздухопловство. Комитетот е активен и во доменот на модернизација, обука и извежбување за делување во се покомплексни и дигитално поврзани воздушни простори. Делува како примарен интерфејс на НАТО со меѓународната и регионалната цивилна авијација и други релевантни граѓански и воени институции во областа на воздухопловството. За својата работа Комитетот поднесува извештај директно на главното тело за одлучување во НАТО (Северноатлантскиот совет).
Комитетот е основан во 2016 г. и го замени поранешниот Комитет за управување со воздушниот сообраќај. Добива совет и поддршка од претставници на главните меѓународни цивилни организации и релевантни институции за авијација на Европската унија, вклучувајќи ја и Меѓународната организација за цивилна авијација (ICAO), Меѓународната асоцијација за воздушен сообраќај (ИАТА), Евроконтрол, Европската комисија, Европската агенција за одбрана, Европската агенција за воздухопловна безбедност (EASA) и Американската федерална воздухопловна администрација (FAA).
Со состаноците на Комитетот за авијација претседава директорот на Дирекцијата за вооружување и воздушни капацитети во Одделот за одбранбени инвестиции на НАТО. Главен услов за користење на воздушниот простор е светската координација, па состаноците на Комитетот се организираат во два формати. Првиот е ограничен, односно само за земјите членки на НАТО, со цел да им се овозможи на сојузниците да разговараат за чувствителни воздухопловни теми и да работат на специфични политики и способности за воздухопловството, а вториот формат делува со партнерите на НАТО.

Драган Павловски







# Геополитички игри на Блискиот Исток

# Иранско-израелскиот конфликт

Палестинското прашање е во центарот на непријателствата помеѓу Иран и Израел со децении. Техеран ги предупреди Израел и неговиот најблизок сојузник, САД, дека војната со Хамас може да се прошири поради ескалација на израелските нападите надвор од Газа. Израел нападна позиции во Либан и во Сирија, држави во кои Техеран има значително влијание

Иран е еден од најжестоките противници за израелската офанзива во Газа, што е во согласност со неговата цврста антиизраелска надворешна политика. За време на династијата Пахлави, која владееше од 1925 г. до нејзиното соборување за време на Иранската револуцијата во 1979 г., врските меѓу Иран и Израел беа сè само не непријателски. Иран беше втората земја со мнозинско муслиманско население што го призна Израел откако беше основан во 1948 г. и една од 11-те членки на специјалниот комитет на Обединетите нации формиран во 1947 г. за да изготви решение за Палестина по завршувањето на британската контрола на територијата. Иран беше една од трите држави што гласаа против планот на ОН за поделба на Палестина, загрижен дека во иднина тоа ќе биде причина за ескалација на насилството во регионот. Иран, во тоа време, заедно со Индија и Југославија, излезе со алтернативен план, а тоа беше федеративно решение кое било за задржување на Палестина како една држава со еден парламент, но поделена на арапски и на еврејски кантони. Овој предлог беше компромис на Иран, со обид да одржи позитивни односи со Западот, како и со неговите арапски и муслимански соседни земји. По почетокот на Првата арапско-израелска војна во 1948 г., две години откако Израел успеа да заземе повеќе територии од одобрените од страна на ОН, Иран стана втората нација со мнозинско муслиманско население. Работите се сменија во 1951 г., откако Мохамед Мосадег стана премиер на Иран. Тој ја предводеше национализацијата на нафтената индустрија во земјата, која беше монопол на Британија. Мосадег ги прекина врските со Израел, бидејќи сметаше дека им служи на западните интереси во регионот. Работите драматично се сменија кога




владата на Мосадег беше соборена со државен удар. Превратот го врати шахот на власт, а тој стана верен сојузник на Западот во регионот. Во 1970-тите Израел и Иран разменија свои амбасадори. Трговските врски зајакнаа, а наскоро Иран стана главен снабдувач со нафта за Израел, со тоа што беше воспоставена линија за дистрибуција на иранската нафта во Израел, а потоа и во Европа. Техеран и Тел Авив, исто така, имаа обемна воена и безбедносна соработка, но таа во голема мера беше чувана во тајност за да се избегне провокација на арапските нации во регионот. Факт е дека во тоа време Израел повеќе му беше потребен на Иран, отколку Иран на Израел. Израел беше проактивната страна, но шахот исто така бараше начин да ги подобри односите на Иран со САД, а во тоа време соработката со Израел се сметаше за добар начин за постигнување на таа цел. Исто така, имаше изгледи за градење на безбедносниот апарат, а иранската безбедносна и разузнавачка служба САВАК беше делумно обучена од Мосад. Можеби тоа беа услуги што Иран можеше да ги добие и од друго место, но и на Израел му требаше партнер на Блискиот Исток кој прилично е антизападен.

По Иранската револуција во 1979 г., шахот беше соборен и се роди новата Исламска Република Иран. Ајатолахот Рухолах Хомеини, водачот на револуцијата, донесе нов светоглед кој доминантно се залагаше за воведување на шеријатот во управувањето со државата и исто така се залагаше за спротивставување на светските сили и нивните регионални сојузници, кои ќе ги угнетуваат другите - вклучително и Палестинците. Техеран ги прекина сите врски со Израел, граѓаните повеќе не можеа да патуваат, а летовите беа откажани. Израелската амбасада во Техеран беше трансформирана во палестинска амбасада. За да се надмине арапско-персиската и сунитско-шиитската поделеност, Иран усвои многу поагресивен став за палестинското прашање. Тоа беше со цел да го потенцира своето лидерство во исламскиот свет и да ги принуди арапските режими - сојузници со САД во дефанзива.



Непријателството помеѓу Иран и Израел растеше во текот на децениите, додека двете страни се обидуваа да ја зголемат својата моќ и влијание низ целиот регион. Денес Иран ја поддржува мрежата на „Оската на отпорот“ на политички и вооружени групи во неколку земји во регионот, вклучително и во Либан, Сирија, Ирак и Јеменб кои, исто така, ја поддржуваат палестинската кауза и го гледаат Израел како главен непријател. Со текот на годините Израел поддржуваше различни групи кои насилно му се спротивставија на иранскиот естаблишмент. Тензиите помеѓу Иран и Израел не се ограничени само на идеологии или прокси групи. Како што растеа непријателствата „војната во сенка“ се повеќе се излеваше на отворено. Иранската нуклеарна програма беше во центарот на некои од најголемите напади. Израел, за кој се смета дека поседува голем арсенал од нуклеарно оружје – вети дека никогаш нема да дозволи Иран да развие нуклеарно оружје, додека Техеран постојано повторува дека нивната нуклеарна програма е за цивилни цели. Според Техеран, Израел и САД стојат зад малициозниот софтвер Stuxnet кој нанесе голема штета на иранските нуклеарни постројки во 2000-тите. Со текот на годините, врз иранските нуклеарни и воени капацитети беа извршени многу напади, за кои Техеран го обвинува Израел. Иран, исто така, редовно објавува вести за спречување на бројни диверзантски напади. Нападите беа насочени и кон персонал, вклучително и серија нуклеарни научници од висок профил. Критичен настан беше атентатот кој што се случи во 2020 г., кога врвниот ирански нуклеарен научник Мохсен Фахризадех беше убиен со огнено оружје контролирано од вештачка интелигенција и мониторирано од сателит, поставено на задниот дел од пикап камион кој подоцна експлодирал за да ги уништи доказите. Од друга страна, Израел и неговите западни сојузници го обвинуваат Иран дека стои зад серија сајбер напади врз израелските интереси, вклучително и неколку напади со беспилотни летала врз танкери со нафта во сопственост на Израел.

Дали може некогаш состојбата помеѓу двете држави да се нормализира? Неколку арапски држави во регионот избраа да ги нормализираат своите односи со Израел бидејќи бараат поголема поддршка од Западот.

Во меѓувреме, Саудиска Арабија, моќна држава во регионот, ги обнови дипломатските односи со Иран по долгогодишниот раскол од договорот постигнат со посредство на Кина во март 2023 г.. САД се обидуваат да посредуваат во сличен договор

меѓу Саудиска Арабија и Израел. Секоја перспектива за нормализација меѓу Тел Авив и Ријад е ставена во мирување, барем засега, бидејќи Израел ја продолжува офанзивата во Газа. Но, за сегашниот естаблишмент во Иран, какво било зближување со Израел не доаѓа предвид. Заедничките безбедносни императиви кои во претходните децении ги наведоа Иран и Израел да станат сојузници, вклучително и заканата од арапските националистички држави и советската империја, исчезнаа на почетокот на 1990-тите години на минатиот век. Техеран се спротивставува на американската хегемонија на Блискиот Исток, додека Израел постојано е против тоа Вашингтон да ги повлече американските војници од регионот. Во меѓувреме, милитантните исламистички организации поврзани со Иран редовно ги напаѓаат американските бази во Ирак и Сирија. Ова е ривалство за доминација и моќ во регионот, а двете држави се вовлечени во конфликт на ниско ниво повеќе од една деценија.
По нападот на Израел врз иранскиот конзулат во Сирија на 1 април 2024 г., во кој загинаа двајца високи ирански воени команданти и најмалку 10 други лица, следеше одговор од Иран. На 13 април 2024 г., Корпусот на Исламската револуционерна гарда, огранок на иранската војска, во соработка со Исламскиот отпор во Ирак, либанската група Хезболах и јеменските Хути, започнаа одмазднички напади против Израел со кодно име „Операција ‘Вистинско ветување’“. Нападот беше извршен со беспилотни летала, крстаречки и балистички ракети. Нападот се сметаше за прелевање на конфликтот помеѓу Израел и Хамас и го означи првиот директен напад на Иран врз Израел од почетокот на нивниот прокси конфликт.
Неколку земји на Блискиот Исток го затворија својот воздушен простор, неколку часа пред Иран да го започне нападот против Израел. Иранскиот напад содржеше околу 170 беспилотни летала, над 30 крстосувачки ракети и повеќе од 120 балистички ракети кон Израел и Голанската Висорамнина. Израелските одбранбени сили ги користеа системите „Arrow 3“ и „David's Sling“, а во соработка со американските, британските, француските и јорданските воздухопловни сили, соборија голем дел од дојдовните проектили. Франција, која интервенираше на барање на Јордан, распореди воени бродови за да обезбеди радарско покривање. Јорданските власти изјавија дека пресретнале проектили во нивниот воздушен простор за да ги заштитат своите граѓани. Израелските власти изјавија дека коалицијата, чии одбранбени напори беа со кодно име „Железен штит“, уништила 99 % од проектилите, пред тие да стигнат до израелскиот воздушен простор. Според анализите на безбедносните сили на САД, најмалку девет ирански проектили погодиле две израелски воздушни бази, предизвикувајќи мала штета. Некои од балистичките проектили биле соборени во вселената од системот „Arrow“. Нападите предизвикале мала штета на воздушната база „Неватим“ во Јужен Израел, меѓутоа истата останала оперативна. По нападите, следниот ден, претставникот на Иран во Обединетите нации изјави дека нападите може да се сметаат за завршени. Ова е напад со беспилотни летала и со најголеми размери забележани во историјата, со намера да ја совлада противвоздушната одбрана на противникот. Тоа беше првпат по ракетните напади на Ирак во 1991 г., Израел директно да биде нападнат од армијата на друга држава. Нападите на Иран предизвикаа критики од ОН, а неколку светски лидери и политички аналитичари, предупредија дека постои ризик од ескалација на конфликтот во целосна регионална војна. На 18 април 2024 г. Израел возврати со извршување ограничени напади врз Иран. Иранскиот напад на 13 април беше со големина што никој не ја очекуваше и беше целосно без преседан. Немаше сериозна штета или сериозни жртви, а Израелците одговорија со ограничен напад. Меѓутоа, Израел ќе мора да се погрижи Иран да разбере дека не може повторно да изврши ваков напад и дека одговорот на Израел не е знак на слабост, туку знак на сила.
Израел и понатаму ќе има големи проблеми поради долгогодишните напори на Иран за развој на нуклеарно оружје. Оваа закана го привлекува израелското внимание во изминатите 20 години. Иран, исто така, ги поддржа терористичките организации како „Хамас“ и „Палестинскиот исламски џихад“, кои се сунитски, а не шиитски групи, но кои се согласуваат со непријателството на Иран кон еврејската држава. Иран е непријателски настроен кон Израел од 1979 г., а нивната





постојана реторика е дека тие веруваат дека Израел е нелегитимна држава и Евреите треба да бидат протерани од регионот. Она што тие долгорочно се обидуваат да го постигнат е да го срушат легитимитетот на Израел низ целиот свет. Последните конфонтации доведоа до можност за директен конфликт меѓу Израел и Иран, повеќе отколку во кој било момент во изминатите четириесетина години непријателство меѓу двете земји. Нападот на Иран беше без преседан, многу софистициран и масовен напад кој имаше цел да ја совлада воздушната одбрана на Израел, а во случај на продолжен конфликт, Иранците дополнително би го активирале „Хезболах“ во Либан, кој има разновиден арсенал на вооружување. Во случај на ескалација, лесно може да биде употребен и нуклеарниот капацитет на Израел, со катастрофални разорни последици за Блискиот Исток. Сведоци сме дека западните сојузници се едногласни околу изнаоѓање на  долгорочна стратегија која би вклучила регионална интеграција, нормализација на односите помеѓу Саудиска Арабија и Израел, како дел од пошироките напори и можности за економски раст и за надминување на старите несогласувања и проблеми. За да се постигне оваа долгорочна цел, потребно е да се постигнат краткорочни успешни чекори, како на пример крај на крвопролевањата и обнова на Газа, обезбедување на хуманитарна помош и конечно потоа да започне враќање на регионалната доверба и градење на регионални партнерства и сојузи кои ќе му се спротивставаат на Иран. Останува нејасен одговорот на прашањето дали САД се подготвени да преземат неопходни дејства против Иран. Потребна е јасна стратегија која недвосмислено ќе го оневозможи Иран да продолжи да финансира, да координира и да организира активности како што се терористичките напади против Израел на 7 октомври 2023 г. но, исто така, со таа стратегија ќе се осигура дека Иран нема да може нуклеарно да се вооружи. Според изјавите на началникот на Генералштабот на израелските сили, нападот на Иран врз Израел создаде нови можности за соработка на Блискиот Исток, односно регионалната и меѓународната коалиција која учествуваше во пресретнувањето на проектилите лансирани од Иран кон Израел, го покажа потенцијалот за воспоставување регионален сојуз против Иран. Сепак, предизвиците во регионот на Блискиот Исток се сложени, а долгорочната стратегија на Израел против Иран мора да ги земе предвид и регионалните размислувања. Реалноста во регионот, која ја спречува арапско-израелската соработка не е значително променета. Дури и пред терористичкиот напад на „Хамас“ на 7 октомври 2023 г. и израелската офанзива на Газа, арапските држави, кои го потпишаа Абрахамскиот договор од 2020 г., прифаќајќи да се нормализираат односите со Израел, сè повеќе беа фрустрирани од политиките на израелскиот премиер Нетанјаху за проширување на израелските населби на Западниот Брег. Абрахамскиот договор е мировна иницијатива започната во 2020 г. од страна на САД, која се обиде да ги натера арапските земји еднострано да ја признаат државата Израел. Преку спогодбите, САД овозможија Обединетите Арапски Емирати, Судан, Мароко и Бахреин, да отворат дипломатски односи со Израел. Од страна на САД беа направени унилатерални отстапки за овие земји како дел од договор, како што е отстранување на Судан од списокот на државите спонзори на тероризмот или признавање на суверенитетот на Мароко над Западна Сахара.Низата смртоносни напади на израелските доселеници врз Палестинците во градовите на Западниот Брег, пролетта 2023 г., дополнително ги разгореа регионалните тензии. Откако Израел ги започна своите воени операции во Газа во октомври 2023 г., предизвика бран од протести низ Блискиот Исток, а арапските лидери станаа уште поколебливи отворено да го поддржат Израел, свесни дека отворената соработка може да му наштети на нивниот домашен легитимитет. Затоа мора да бидеме реални во очекувањата да се создаде поблиска соработка меѓу арапските држави и Израел. Техничката соработка помеѓу арапските држави и Израел во областите од заеднички интерес најверојатно ќе продолжи, а напорите на арапските држави да ги задржат своите економски врски со Израел ќе останат ограничени. Во моментов е потребна краткорочна стратегија, која ќе даде приоритет на обезбедувањето поддршка од страна на арапските држави и нивната способност да посредуваат, но и да ги спречат идните конфликти помеѓу Иран и Израел.

Можеме да заклучиме дека Иран е свесен за својот потенцијал на Блискиот Исток за развивање силен регионален систем меѓу локалните играчи, сметајќи дека политиката на воени сојузи со странски сили е контрапродуктивна, според примерот на Саудиска Арабија и земјите од Заливот, кои имаат цел да ја компензираат нивната ранливост преку странска заштита, а не со заштита на регионалните блискоисточни сили. Без сомнение, постојат јасни индикации дека Иран има значителни предности во кои претходно не уживал. Меѓутоа, да не заборавиме дека, денес, како и порано, во регионот на Блискиот Исток сè е привремено.

д-р Ненад Танески





# Хибридни закани по безбедноста на државите

Хибридното војување претставува комбинација на конвенционални и неконвенционални методи употребени против многу појак непријател кои имаат за цел постигнување на одредени политички цели, кои не е можно да се постигнат со традиционално војување

Хибридните закани вклучуваат комбинација на дезинформации, сајбер напади, економски притисоци, распоредување на нерегуларни воени сили, или употреба на регуларни воени сили најчесто во одреден временски период и во соработка едни со други. Термините за хибридно војување, припаѓаат на нова генерација на војување и заедно со останатите слични термини се користат да се опише војувањето кое има повеќе аспекти на дејствување. Овие аспекти и методи на дејствување надополнети со „сајбер напади, влијание врз изборните кампањи со ширење на дезинформации преку социјалните медиуми и таргетирани цели“. Потенцијалните непријатели имаат на располагање цел спектар на политички, економски, воени и други алатки за да ги предизвикаат институциите и економиите на државите и да ја нарушат безбедноста. Денес, линијата на војување е прикриена преку користење на прокси и приватни компании за давање на воени услуги, дезинформации и субверзивни активности. Оттука и воените инструменти и невоените инструменти на моќ добиваат друг навидум хуман облик на делување. Дополнително, враќањето на геостратегискиот натпревар го засили ширењето на хибридните и сајбер заканите од сите кон секого. Заеднички именител за хибридните активности е да ги ослабат и да ги компромитираат вредностите на поредокот заснован на правила. За справување со хибридните активности неопходно е да се инвестира во развојот на политички и неполитички механизми и алатки. Овие алатки и механизми вклучуваат нов пристап во поимањето, одвраќањето во хибридната област, сајберот и борбата против лажни вести и дезинформации. Во основа, сајбер нападите и хибридните активности не се закани сами по себе. Тие се средства кои ги користат разузнавачките служби, недемократските држави и недржавните актери. Главна цел на ваквите комбинирани активности е слабеење на отпорноста на државата. Многу е тешко да се открие кој точно стои зад овие активности затоа што оние кои ги преземаат ваквите активности најчесто користат прокси за нивно прикривање. Хибридните активности во НАТО контекст претставуваат нераздвоен сегмент на концептот за одвраќање и одбрана во рамки на клучната задача за колективна одбрана. За успешно да ги превенира хибридните активности, во рамки на подготовките



за превенција, одвраќање и заштита и спротиставување на асиметричните тактики, НАТО работи на постојан развој на сопствените способности. Онаму каде е потребен дополнителен напор е делот каде НАТО треба да ивестира во градењето на отпорност, преку развој на стратегиската комуникација на сите земји членки, и зајакнување на дипломатските напори и да ја зголеми свесноста на граѓаните со засилена едукација и обука преку центрите за извонредност. Во тој контекст, а во врска и со навременото и брзо носење на соодветни одлуки, би било добро да се формира центар за извонредност за борба против хибридни и сајбер закани особено во контекст на борбата против дезинформации. Друга опција е во рамки на постојната мрежа на центри на извонредност да се прошири курикулумот со модули за јакнење на свесноста за заканата од хибридното војување. НАТО преку својата мрежа на центри на извонредност игра важна улога во справувањето со хибридното војување. Национални или мултинационални институции, центрите имаат за цел обука и едукација на лидерите и специјалистите од НАТО членките и партнерите, кои треба да помогнат воградењето на отпорност на општествата против заканите, вклучлително и хибридните за да ги заштитат граѓаните. НАТО стратегиското комуницирање (СТРАТКОМ) е втор многу значаен аспект на консолидирано делување во однос на хибридните закани. СТРАТКОМ подразбира соодветна и координирана употреба на комуникациските активности и способности во поддршка на политиките, операциите и активностите за остварување на целите на Алијансата. Поради тоа потребен е јасен концепт кој ќе ги операционализира НАТО политиките со посебен фокус на имплементацијата на стратешките комуникации вклучително и преку планирањето, изведувањето на операции, обуката, едукацијата, вежбите, научените лекции и сето она кое вклучува изградба и одржување на соодветни одбранбени капацитети. Хибридните закани не можат ефективно да се сузбијаат и дерогираат само со конвенционални средства и методи. Неопходно е повеќе да се инвестира во градењето на капацитетите во дипломатијата и да се креираат механизми на соработка. Дефинирањето на јасни цели и стратегии за борба против хибридните закани е од клучно значење за градењето на отпорност и стабилност на државите. Целите и стратегиите треба тесно да бидат поврзани со соработката во стратегиските комуникации на сајбер безбедноста. Тоа значи јакнење на односите со јавноста (Public Affairs) кое подразбира цивилно ангажирање на Алијансата преку медиумите со цел навремено, транспарентно, одговорно и проактивно делување за да се информираат граѓаните за политиките, операциите и активностите на НАТО против хибридното војување. Комплементарно, следната област на дејствување ги опфаќа воените односи со јавноста (Military Public Affairs), односно промовирање на воените цели на Алијансата пред граѓаните со што би се зајакнала свесноста и разбирањето на воените аспекти на борбата против хибридните закани. Тука се и информативните операции или советувањето на НАТО и координација на воените информациони активности со цел да се создаде посакуван ефект за поддршка на преземените активности на НАТО против противниците. Дипломатијата е клучниот елемент и клучниот механизам за справување со хибридните закани.

Хибридните и сајбер активности не се непознати и не го заобиколуваат ни Западен Балкан. Тие во Западен Балкан се насочени пред се кон попречување на европските интеграции на државите и имат за цел нивно дестабилизирање. Исто така, преку овие активности се прават обиди да се влијание и врз изборните процеси, влијание на јавните информаци преку ширење на лажни вести и дезинфорамции. Целта е да се поткопа довербата на граѓаните, да се ослабат државите и да се попречат европските и евроатлантските интеграции и кредибилноста на ЕУ и на НАТО. Од политички аспект, Русија своите хибридни активности и влијанието врз Западен Балкан ги остварува преку прокси со цел да ги одолговечи европската иднина и интегративните приоритети на државите. За да се спречат ваквите активности неопходно е земјите од Западен Балкан особено да воспостават своја правна рамка за справување со хибридните и сајбер заканите. Исто така, потребна е засилена координација меѓу воените и цивилните структури и зајакната соработка со останатите чинители на безбедноста. Целта е да се креираат соодветни механизми за справување со ваквите малциозни закани по безбедноста на државите и да се обезбеди соодветно ниво на сајбер отпорност. Тоа подразбира широка вклученост и инклузивност и примена на пристапот на whole – of - society approach во справувањето со ваквите активности. Секој чинител на безбедноста треба да го знае своето место и улога во безбедноста и одбраната на државата од ваквите малциозни закани.

Владата на Република Северна Македонија, преку примена на овој принцип ја усвои Национална Стратегија за Сајбер безбедност на Република Македонија 2018-2022 и Стратегијата за градење на отпорност и сравување со хибридните закани со акционен план. Во делот на одбраната, Министерството за одбрана на почетокот на 2020 година ја усвои Стратегијата за сајбер одбрана. Во Стратегија за градење на отпорност и справување со хибридните закани направен е спој на механизмите за градење на отпорност на нашата држава со барањата и препораките на ЕУ и на Седумте основни побарувања на НАТО. Јасно се дефинирани областите на дејствување и носителите со нивните одговорности, способностите кои треба да ги развијаат, линиите на комуникациија и критериумите за евалуација. За успешно спроведување на целите од Стратегијата воспоставена е и поблиска соработка со НАТО и ЕУ во размената на информациите за справување со хибридните и сајбер предизвици.

д-р Игор Ѓорески




# Под знамето на ОН

## Справување со дезинформации во мировните операции

Настојувањата за зачувување на мирот и безбедноста остануваат едни од најважните теми за дискусии и истражување во денешниот свет. Во исто време, не постои единствен став и мислење по ова прашање, бидејќи аналитичарите веруваат дека ова прашање влијае на секој аспект на меѓународните и националните односи поединечно

Општа оцена на јавноста за миротворството под знамето на ОН, денес, во 21 век, е дека тоа е соодветно на целите и предизвиците со кои се соочува, а еден од предизвиците на модерниот свет и комуникациите е и справувањето со дезинформациите.

Тековните реформи на мировните мисии на ОН постојано се евалуираат, без разлика на нивното влијание на активностите и засегнатите страни на теренот, и истите се насочени кон зголемување на ефикасноста на напорите на меѓународната јавност за одржување на мирот и безбедноста во светски рамки, и покрај сите актуелни предизвици. Мировниците продолжуваат да се распоредуваат во средини каде што нема мир и треба да се одржува, се соочуваат со закани од насилници, вооружени групи, терористи па и сили поврзани со владата на земјата домаќин, без јасни мандати, буџетски притисоци и ограничени ресурси. За справување со сите овие предизвици на терен, неопходен е брз проток на точни информации на сите нивоа во ланецот на командување. Одделот за мировни операции на ОН (UNDPO) однеодамна е фокусиран на конкретни предизвици и закани кои произлегуваат од дезинформации во меѓународните мировни операции, со посебен фокус на мировните сили на ОН во Либан (UNIFIL). Од досегашните искуства, вистината е секогаш првата жртва во конфликтите. Погрешното информирање и дезинформирањето се стар проблем, но сега се ставени во нов контекст, оптоварен со денешниот развој на дигиталната комуникација и социјалните медиуми. Опкружувањето, создадено од брзите промени во начинот на комуницирање, значително го отежнува менаџирањето со вистината во конфликтни ситуации. Вистината често е и жртва на културни и јазични бариери кои произлегуваат од контрадикторните наративи и погрешните толкувања на случувањата. За повеќето луѓе е предизвик да препознаат која информација е точна, а која е погрешна или, пак, која е дезинформација. А, со нивната потенцијална пристрасност и со нивниот начин на перцепирање и анализирање, понекогаш и ненамерно се шират дезинформации.

Вистината, исто така, може да биде жртва и на неадекватен и нееднаков пристап до информациите. Иако количината на информации до кои луѓето имаат пристап, општо земено, може да биде зголемена, би требало да се знае дека тој пристап е од променлива природа. Луѓето во урбаните средини генерално имаат поголем пристап до телекомуникациите и до медиумите отколку луѓето во руралните области. Родовиот аспект на информациите, исто така е важен, со оглед на разликите помеѓу тоа како

одредени медиуми можат да бидат прифатени од страна на машката и од страна на женската популација.
Мировните операции се исто така жртви на двојната природа на социјалните медиуми. Од една страна, тие обезбедуваат можности за успешно присуство и влијание на мировниците на терен, додека, од друга страна, ги политизираат реалните проблеми и придонесуваат кон поларизирање по разни основи. Честопати се случува да бидат таргетирани безбедноста и сигурноста на „Сините шлемови“ и на цивилниот персонал во мировната мисија, како и локалното население.
Дискусиите на експертската јавност последниве години доведуваат до неколку заклучоци и препораки за тоа како е можно справување и ублажување на проблемите со погрешните информации и дезинформациите:

- врвен приоритет во справувањето со погрешните информации или дезинформациите, е да се заштити слободата на изразување и истовремено да се зајакне отпорноста на општествените структури на земјата домаќин, како и на мировниците, кон заканите од погрешни информации и дезинформации. Особено е важно да се работи проактивно и да се осигури дека се достапни единствено точни информации. Овие приоритети се препорачува да бидат поддржани и од независните медиуми, со спроведување обуки на новинарите во насока на проверка на вистинитоста и пласирање точни информации, како и со постојан напор за подобрување на владеењето на правото во земјите домаќини.
- граѓанските организации имаат многу важна улога како субјекти кои ја проверуваат и ја заштитуваат вистината. Тие би требало да бидат поддржани во нивното утврдување (проверка) на факти и во нивното справување со лажните вести на социјалните мрежи.
- анализата во случајот на мировната мисија UNIFIL е клучна кога се проценуваат основните причини за ширење на погрешни информации и на дезинформации. Се покажало како критично да се разбере политизираниот и поларизиран медиумски свет во Либан. Како пример се наведуваат политичките партии кои финансираат медиуми низ кои циркулираат контрадикторни наративи кои понекогаш се користат за пропагандни цели. Во 2006 година, состојбите во Либан драматично се промениле по непријателствата и конфронтациите меѓу Израел и либанскиот „Хезболах“. По овие настани во јули/август истата година, Советот за безбедност на ОН го засилил присуството во Либан и одлучил, покрај првичниот мандат, меѓу другото да го надгледува и прекинот на непријателствата; ги придружува и поддржува либанските вооружени сили додека се распоредуваат низ југот на Либан;
- ја прошири својата помош за да помогне да се обезбеди хуманитарен пристап до цивилното население и доброволно и безбедно враќање на раселените лица. Сето ова од локалните медиуми било претставено како интервенција на Западот на Блискиот Исток;
- неопходно е пообемно инвестирање во комуникациски стратегии на целата мировна мисија од страна на планерите во UNDPO и од командите на мировните сили. Ова би вклучило развој на алтернативни наративи преку подобро „раскажување приказни“, за целосно информирање во врска со мандатот на „сините шлемови“, како во главниот град, така и во периферните локации на распоредување на мировниците во земјата-домаќин. Од клучно значење е да се обезбеди обука за претставниците на медиумите и за раководниот персонал на мисијата. Во исто време, командниот персонал на мировниците би требало да усвојат проактивен „пристап на целосна мисија“, надвор од стратешката комуникација. Ова би требало да го опфати циклусот на планирање, како и процесот на донесување одлуки и да го поддржи спроведувањето на мандатот, како и безбедноста на персоналот. Пристапот, исто така, би требало да биде прилагоден на специфични целни групи, особено на оние кои се најчувствителни на погрешни информации и на дезинформации. Во овој поглед, партнерството и координацијата со засегнатите страни се од суштинско значење;
- многу е важно и да се разберат улогите на различните актери кога станува збор за ширење на дезинформации. Додека владите на земјите-домаќини имаат одговорност да ги регулираат социјалните медиуми, одредени официјални лица понекогаш може да бидат поттикнувачи во ширењето на погрешни информации и дезинформации, насочени кон легитимноста и мандатот за спроведување на мировните операции на ОН. Понекогаш граѓанските организации исто така стануваат манипулирани и инструментализирани од други интереси. Потребни се повеќе насоки и политичка поддршка од Советот за безбедност на ОН во тој поглед;
- мировниците, за време на исполнување на мировната операција, задолжително ќе мора да ги препознаваат различните контексти и наративи во земјата домаќин. Со препуштање на централната улога во овие активности на владата на земјата домаќин и локалните заедници, важно е да се идентификува чиј говор се смета за легитимен во одреден контекст. Особено персоналот на мировната мисија на ОН би требало да биде свесен за целите и намерите на локалната елита, како и да биде во состојба непречено да анализира кој е носител на наративот. Намерата на дијаспората, исто така, е важна за анализирање и процени. Влијанието на дијаспората врз политичкиот и социјалниот пејзаж во делови или како целина на една земја или регион, исто така е мошне важно;
- мировните операции на ОН се сложени и големи потфати, во кои се вклучени актери со различни општествени, јазични и културни предзнаци. Јазот и разбирањето меѓу персоналот на мировната операција и локалното население може да создаде недоверба и да ја поткопа легитимноста на мисијата на терен. Јазичната и културната близина со локалните заедници е клучна за развивање доверба и транспарентност и за создавање услови за дијалог.

М.С.





# Планинско војување (3)
## Планински операции

Планинското војување, од аспект на оперативно планирање, дизајн и уредување на бојното поле, не се разликува од другите видови на војувања. Примената на воената тактика при планинското војување се одвива според воспоставен стандард, без разлика дали операциите се дефанзивни, офанзивни, за стабилизација или за поддршка на мирот, меѓутоа тактичките постапки при употреба на единиците и техниката, бараат приспособување кон просторот, амбиентот и опкружувањето каде што се изведуваат борбените дејства

**Планинските операции** се карактеризираат со низа одделно водени битки за контрола на клучните терени како што се населените места, доминантните гребени и височини, пристапните патишта како линии на комуникација и стекнување на друг потенцијал којшто на нашите единици би им дал предност над непријателот **(MCWP 3-35.1, Mountain warfare operations, Page 2-2)**. Планинските операции се водат за да се добие контрола врз клучниот и одлучувачкиот терен, со цел да се искористат можностите кои се важни за продолжување и водење на битката, како што се линиите за комуникација, планинските превои, гребените и височините, со цел тежиштето на борбените дејства да се водат од височините надолу. Фронталните напади имаат многу мали шанси за успех против одбранбени висини, затоа и нападите најчесто се изведуваат по крилата и задницата на непријателот каде што обиколувањето претставува посакувана форма на маневар **(FM 3-97.6, Mountain operations, Page 4-16)**. Носители на воените операции во планински услови на војување се планинските единици или други пешадиски единици, обучени и оспособени за ваков вид на војување, преку стекнати знаења за планините и нивните карактеристики, познавање на воената тактика во планинско војување, како и развивање на најразлични вештини како што се техники на преживување и изработка на засолништа, скијање, алпинизам, прва помош и спасување на повредени, користење на специјална опрема и друго. Илустративно, еден курс за планинско војување во американската војска трае околу 90 дена, поделен е во три етапи: индивидуална обука во летни услови, индивидуална обука во зимски услови и колективна обука **(MCWP**

**3-35.1, Mountain warfare operations, Page 10-8)**.
**Планинска чета** е основна тактичка единица со постојана формација, наменета за борба во средни и високи планини, оспособена за движење по тешко прооден терен, водење на борба на ограничено маневарско земјиште, со флексибилност во изведување на борбените операции, која е обучена во краток временски период да преминува од одбрана во напад и обратно **(Правило за пешадиска планинска чета, страница 12)**.
Планинското војување се заснова на начелото „централизирано планирање, децентрализирано извршување", каде што планирањето на операциите се врши централизирано, од страна на повисоката команда, каде што со воената одлука и со планот за изведување на операциите, детаљновб треба да бидат запознаени сите потчинети единици, додека децентрализираното извршување подразбира самоиницијативност во командувањето и во преземањето на иницијатива во борба од страна на пониските тактички единици (водови, одделенија). Децентрализираното извршување на борбените операции се применува затоа тоа што во поголем број случаи при распоредувањето на единиците, поради специфичноста на планискиот терен и планинската клима (магла, ниски облаци, пороен дожд, интензивно паѓање на снег и други услови на намалена видливост), единиците најчесто немаат меѓусебен визуелен контакт и визуелен контакт со командните места, додека функционалноста на средствата за врски може да биде намалена поради планинскиот терен, така што самоиницијативноста во командувањето и дејствувањето може да биде пресудна за понатамошниот тек на борбените дејства.
Планинското војување се карактеризира со тридимензионалност на боиштето како простор на војување, простор кој се протега по ширина, длабочина и височина на теренот, каде што планинските операции подразбираат распоредување и дејствување на единиците на најразлични височини, при што просечната густина на распоредените сили изнесува од 5 до 10 војници на км2. Успешноста на војувањето во планински услови се заснова на три фактори: мобилност, огнена моќ и заштита, додека планирањето на изведувањето на операциите во планински услови подразбира детаљна анализа на теренот и на состојбите на боиштето, во поглед на дефинирање на карактеристиките на бојното поле, ефектите на бојното поле, проценување на заканите и на борбениот ризик и развивање на правци на дејство.
Во книгата „ATP-6, Mountain warfare education and training", на страница 3-1, се дадени карактеристиките на планинското војување, кои се состојат од: независни операции на единиците и од тактички елементи во изолирани области на распоредување и ангажирање, соработка на сите единици и команди во поглед на организирање задачи, постојано засилување на единиците и замена на војниците, ангажирање на пешадиски единици поради непостоење на патна инфраструктура, тактичко и оперативно значење на теренот, отежнати услови на логистичко снабдување, отежната комуникација со изолираните тактички елементи, можности за користење на воздухоплови, потоа одбранбениот ефект на теренот и природните бариери и отежната медицинска помош и транспорт. Фактори, кои го отежнуваат изведувањето на планинските операции се: постојана и брза промена во динамиката на изведувањето на борбените дејства, чести прекини во визуелниот контакт помеѓу единиците и прекини во радиокомуникацијата, зголемен физички и ментален напор кај војниците, постоење на борбен ризик и дополнителен ризик поради опасностите во планините и постојана потреба од логистичко снабдување, коешто опфаќа дополнителни транспортни средства и дополнителна опрема.
Планирањето и изведувањето на планинските воени операции претставува предизвик за командите и единиците. Успехот во планинското војување се состои од еден избалансиран однос помеѓу познавањето на влијанието на карактеристиките на планините врз сопствените и непријателските единици и користење на тие природни влијанија за постигнување и остварување на одредена воена и тактичка предност во однос на непријателот, бидејќи она што за непријателот е природна пречка, за нас е природна предност.

Виктор Крстевски







# Приватните безбедносни актери во остварувањето безбедност (1)

## Потреба од постоење на приватни безбедносни актери

Во историјата на вооружените конфликти, ангажманот на приватните безбедносни актери (платеници, платенички армии итн.), било вообичаена практика, а денес, во модерно време, поради многуте асиметрични закани, потребите на националните држави во заштитата на надворешната и на внатрешната стабилност, е уште поизразена и бара ангажман и на државните и на недржавните безбедносни актери

Природата на современите социјални односи и либерализацијата на државата над инструментите на сила, ја условија комерцијализацијата и приватизацијата па, така, сè што претходно претставуваше заштита и беше исключиво државничка работа, полека почна да се прелева во професионално организирани и регистрирани приватни актери за безбедност. Оттука, во некои развиени земји во светот се формираа приватни воени компании, со јасна организациска и корпоративна структура за обезбедување на најразлични безбедносни услуги. Овие услуги се движат од стратешки, тактички и технолошки совети, обука и логистичка поддршка, до обезбедување на исклучиво воени (борбени) разузнавачки и безбедносни услуги на владите на различни земји, мултинационални корпорации, меѓународни организации, невладини агенции и други невладини субјекти. Во таква ситуација, развиените земји и земјите во развој прибегнуват кон ефикасно користење на различни безбедносни услуги на приватните актери за безбедност, со цел да ја постигнат и да ја оддржат нивната целокупна стабилност, со различни објаснувања за нивниот јавен ангажман. Ова отвора терен за нов став кон безбедноста, во кој приватните актери играат сè поважна улога. Во понатамошните продолженија, акцентот, главно, ќе биде ставен на приватните безбедносни актети кои со нивниот ангажман придонесуваат за остварување на безбедноста, нивниот ангажман во во хуманитарните и во мировните операции и во мировните мисии.

**Местото и улогата на приватните безбедносни актери**

Современите предизвици, ризици и закани како што се тероризмот,

организираниот криминал, корупцијата, пролиферацијата на оружје за масовно уништување, регионалните судири, техничко-технолошкиот развој, глобализацијата – сето тоа влијае на загрозувањето на безбедноста на луѓето и на имотите. За остварување на потребното ниво на безбедност, неопходно е да се вклучат и приватните безбедносни актери, коишто имаат значајна улога во осигурувањето безбедност. Приватните безбедносни актери претставуваат израз на потребите на заедницата, на приватниот капитал, тие се израз на сите граѓани, во соработка со институциите на државата и придонесуваат општата безбедност да биде на повисоко ниво, во интерес на сите граѓани.



Приватните безбедносни актери се нераскинлив дел на јавната безбедност, која во основа се дели на public polishing и на private polishing. Во однос на првиот елемент, станува збор за извршување работи кои се поврзани со јавниот ред и мир и генерално, овие работи ѝ се доверени на полицијата, додека вториот елемент ги обединува работите кои се поврзани со имотната и со личната безбедност на граѓаните, што најчесто ги извршуват приватните безбедносни актери. Приватните безбедносни актери развиваат директна соаботка со субјектите на системот за безбедност. На тој начин приватните безбедносни актери нераскинливо се поврзани со сите ангажмани на субјектите на системот за национална безбедност.
Под приватни безбедносни актети се подразбира платеници, доброволци, најразлични типови на приватни армии и полиции, „господари на војната“, компании кои се занимаваат со одбрана, приватни агенции за обезбедување, приватни воени компании, приватни безбедносни компании, како и многу други актери. Тие, со текот на годините, се здобија со голема популарност меѓу државите, меѓународните организации, корпорациите и физичките лица, докажувајќи дека имаат значајна улога во остварувањето на безбедноста.

**Целите и придонесот на приватните безбедносни актери во остварувањето безбедност**

Генерално, придонесот на приватните безбедносни актери (ПБА) кон меѓународниот мир и безбедност може да се анализира низ призмата на нивниот ангажман, инициран од страна на меѓународните организации за чување на мирот, пред сè, од ООН. Привтните безбедносни атери, во најголем дел, се составени од поранешни припадници на специјалните вооружени сили. ПБА минуваат низ адекватна воена обука и искуство и тие, сè повеќе се наметнуваат како сериозни безбедносни актери со значна улога и задачи. Досегашното искуство покажува дека најголеми корисници на нивните услуги се националните влади, меѓународните корпорации и меѓународните безбедносни и хуманитарни организации. Во таа насока, особено евидентен е ангажманот на приватните безбедносни актери (воени компании) во безбедносната стабилизација на миирот. Од друга страна, треба да се истакне дека е отворена можноста за зголемена употреба на приватните воени компании од страна на националните, пред сè од страна на западните влади. Ова може да се протолкува и како начин да се избегнат националните сили во решавањето на конкретни конфликти и кризи. Креирањето јасни одговори во врска со ова прашања, ќе овозможи појасна перцепција и прифаќање на значајната улога што ја имаат приватните безбедносни актери во современото безбедносно опкружување. Придонесот на приватните безбедносни актети кон меѓународниот мир и безбедност е директно детерминиран од нивниот ангажман во рамките на меѓународните мировни и хуманитарни мисии, предводени од страна на меѓународните безбедносни организации. Искуството покажува дека последниве две децении сè повеќе се зајакнува улогата и значењето на приватните безбедносни актери. Постојат неколку причини за ваквиот тренд. Приватните воени компании ги сочинуваат лица со големо искуство и значајни воени обуки, што овозможува ефикасно справување со безбедносните ризици и закани во безбедносното опкружување каде што се ангажирани а, освен тоа, за разлика од традиционалните/класични мировни сили, чие пополнување и мобилизација честопати е обременето со националните нормативни рамки на државите членки на меѓународните организации, приватните воени и безбедносни актери, вообичано, не се соочуваат со ваков предизвик. Освен тоа, за нивниот транспорт и почеток на ангажманот е потребно многу пократко време, што е мошне значајно во ситуации кога е потребна итна активност, посветеност и заштита на меѓународниот мир и безбедност, со цел да се реализира нивната главна цел. Денес, приватните безбедносни и воени компании се едни од главните безбедносни провајдери (спроведувачи) во современите држави. ПБК и ПВК сè повеќе се распространети и претставуваат растечки тренд кон интернационализацијата на многу конфликти.

м-р Ксенија Митева





# Културна дипломатија (3)

## Инструмент за еманципација на културата во надворешната политика

Ефикасните иницијативи на културната дипломатија може да бидат целосно нови и оригинални, но можат да бидат засновани и на постоечките програми, изложби или претстави. Исто така, иницијативите на јавната и на културната дипломатија можат да бидат целосно финансирани од страна на владата, но и од страна на приватниот сектор но, сепак, најважно е тие да бидат секогаш во согласност со ставовите на локалното население каде што се пласираат.

Трите клучни области во кои културната дипломатија најдобро може да ги изрази своите можности се: филмот, музиката и литературата. Основата на моќта на културата и уметноста е влијанието на емоциите врз луѓето, што воедно е и потенцијалната моќ на културната дипломатија.Во САД честопати културната дипломатија се изедначува со културната и образовната размена, односно терминот „културна дипломатија“ се изедначува со терминот „културна размена“. Во многу држави во светот културната дипломатија потекнува од: меѓународните културни односи (ICR), меѓународната културна политика (ICP), културната размена (CE), меѓународната културна политика и соработката за развој на културата (ICP/CDC), или само од културната дипломатија. На пример, во Франција, која се смета за родно место и за најголем светски промотор на културните вредности на светско ниво. Глобализацијата и зголемената динамика во меѓународните односи бараат фокусирање и кон можностите кои ги овозможува културата во насока на збогатување и проширување на содржините на надворешнополитичките програми, се официјалните ставови на ЕУ во врска со прашањето за културната дипломатија. Искористувањето на капацитетите на културата, нејзиното претворање во елемент на надворешната политика, не означува поедноставување на специфичниот и уникатен карактер на културата, туку повеќе претставува пристап за поцелосно распредување и акумулација на дополнителни ресурси за нејзиниот развој. Искористувањето

на културата во идентификувањето на областите од надворешнополитички интерес, во кои традиционалните дипломатски методи не се ефикасни или не се соодветни, го проширува хоризонтот на развојот на националната култура, како дел од европската и светската култура и дава можности за една поголемо претставување пред јавноста и видливост на културата, а оттука и подобро користење на културниот капитал, а со самото тоа, и создавање на претпоставки, услови за потпомагање на процесот на посакуваната рамноправност на домашната култура во глобалниот културен процес.

Националната стратегија за културата во Европа ја одразува нејзината нова улога во контекст на динамичните промени во управувањето и спроведувањето на надворешната политика и зголемувањето на интересот кон културната дипломатија, која во ниеден случај не би требало да се сведе на терминот „репрезентативни културни случувања“ или само во рамките на официјални или симболични посети само за одреден повод, организирани културни настани, туку како заемна размена меѓу луѓето и проширување на односите воопшто. Во рамките на Европа, во подем е уверувањето и поддршката за неопходност од градење на рамка за заеднички културни дејствувања во европската надворешнополитичка концепција.

Културната дипломатија, во секој случај, претставува инструмент за еманципација на улогата на културата во надворешната политика.

Од добрите практики на земјите со долгогодишно искуство во културната дипломатија, можеме да заклучиме дека таа во себе содржи:

- дијалог за проблемите, за вредностите и за потребите на општеството;
- добрата културна дипломатија го истражува контекстот на средината;
- таа треба да биде добронамерна, пријателска и отворена за постигнување на одредени надворешноолитички цели;
- популаризирање на фундаменталните вредности што ги поседува одредена држава или нација.

Во долгорочните цели на културната дипломатија, секако, спаѓаат и следниве цели:

- популаризирање на културната соработка и нејзина промоција;
- одржлив развој на односите со една држава или со група држави, или таму каде што одредила државата некои свои одредени приоритети.

Културната дипломатија е двонасочен процес. Преку неа се испраќа одредена информација, на одреден начин и порака до странската јавност, во непозната културна средина но, истовремено, се добива информација/порака, знаење за конкретната културна средина, за ставовите, стереотипите, за подготвеноста на таа туѓа и различна средина и култура да прими некоја друга култура, да ја препознае и осознае и културната дипломатија и институциите кои ја практикуваат и кои исполнуват функции на специфичен маркетинг.

Како поле на културната дипломатија може да се наведе дека:

- културната дипломатија е едно од средствата за реализирање на надворешнополитичките приоритети;
- претставува поле за државата преку кое таа посакува да се прикаже во светот;
- ги дефинира надворешнополитичките приоритети и навремено формулираниот државен интерес, базиран на добро познавање на конкретната држава или регион и соодветните очекувани и посакувани резултати;
- културната дипломатија е дејност, која може да помогне и ефикасно да го насочи целосниот процес на дефинирањето на надворешнополитичките цели.

Културната дипломатија никогаш не смее да остане само на заемно разбирање и запознавање.

Нејзината моќ за популаризирање на фундаменталните вредности треба во секој момент максимално да биде искористена. Културните односи може да бидат незаменлива поддршка во остварувањаето дипломатски цели и да создадат атмосфера на мир и одржлив развој. Културната комуникација е многу важна кога дипломатските односи се обременети и отежнати.. Соединетите Американски Држави сè уште доминираат во глобалната масовна култура и во извозот на „мејнстрим“. Секоја година САД извезуваат за 10% повеќе културни мејнстрим-продукти, а Европа за исто толку проценти, секоја година помалку. „Мејнстримот“ е популарна масовна култура. Во Индија тоа се филмовите на „Боливуд“ кои се





извезуваат во многу земји од Балканот и во арпскиот свет, како и популарните турски серии. Со „мејнстримот“се заработуваат многу пари, работи во места за творечки расположени луѓе и, второ, што е многу поважно, „мејнстримот“ е најсилното оружје на „меката власт“ (soft power), која се манифестирапреку идеи, погледи на свет, низ зборови, слики и претстави и перцепции воопшто. Овој вид на културна дипломатија во моментов е најмоќниот начин одредени земји да ги зацврстат своите позиции во одредени региони во светот.
Во новите модели на почетокот на 21 век, културната дипломатија се соочува со нови предизвици, во согласност со промените и приспособувањата на креаторите на политиките, уметниците и културните работници кон сè подинамичното културно опкружување. Тие промени се иницирани од сѐ поизразената мултиполарност на меѓународната политичка сцена, од сѐ поголемото влијание што го имаат брзорастечките економии на државите од Азија и Јужна Америка, од зголемената глобална урбанизација, од растот на нивоата на образовани и од забрзаните научни и економско-деловни иновации. Истовремено, уметноста доживува „сеизмички промени“ кои произлегуваат од сѐ поизразените плуралистички и инклузивни дефиниции за културата, од сѐ поголемата надмоќ и од прифаќањето на уметничките активности на сите нивоа, зголемената партиципација и учество во креирањето на уметноста и емитирањето културни пораки и информации по пат на новите форми на „broadcast“, дигиталните и општествени медиуми.
Последниве години дигиталната технологија и интегрираните пазари несомнено влијаат на сè поголемото глобално поврзување на заедниците. Како никогаш порано, политичките, социјално-економските, културните и верските тензии и понатаму создаваат напрегнати односи. Оттука, културната дипломатија трпи драматични промени, а како последица на тие промени се менуваат и приоритетите и методите на културната дипломатија, која треба да се усогласи со новите начини на политички и културен ангажман. Затоа, обновувањето на културниот ангажман бара нови енергии и нови форми на соработка помеѓу: уметниците, културните организации, владините и меѓувладините тела, приватните фондации, корпорациите и културните индустрии, граѓанските организации и невладините организации од културната сфера.

м-р Зоран Василевски




# Вештачката интелигенција во роботските возила

Австралија, Обединетото Кралство и САД (AUKUS) успешно ја покажаа интеграцијата на напредната автономија и на вештачката интелигенција (AI) за тестирање на отпорноста на автономните средства во спорна средина. Оваа доверлива операција за употреба на роботски возила во специфични средини (TORVICE), ги комбинираше австралиските, британските и американските иновации и технологија за тестирање на водечката вештачка интелигенција во роботски возила и првите пробни тестирања беа изведени во Јужна Австралија, кон крајот на 2023 година. „TORVICE“ ја тестираше способноста на автономните возила да ги завршат своите мисии и да ја зачуваат мрежната поврзаност во спорна средина.
Во декември 2023 година, министрите за одбрана на AUKUS објавија дека отпорните и автономните технологии за вештачка интелигенција ќе бидат интегрирани во националните програми во текот на 2024 година.
Акцијата ги сочинуваше роботизираните копнени возила на Велика Британија и САД за претставување на автономни повеќедоменски фрлачи, како и некои копнени возила, кои имаа задача да спроведат прецизен оган со долг дострел и други придружни мисии. Гај Пауел, главен советник за одбранбена наука и технолошка лабораторија во Велика Британија, истакна дека вмрежената автономија ќе биде од клучно значење за идните војни. „Роботските и автономните системи имаат потенцијал да го трансформираат бојното поле, обезбедувајќи мултипликувач на сила, истовремено намалувајќи го ризикот за војниците. TORVICE ни овозможува да го разбереме работењето на роботските автономни системи во спорна средина и да ја зголемиме отпорноста на овие системи. Заедничката работа на три нации ќе го забрза развојот на стабилни способни системи", истакнал Пауел Кимберли Саблон, извршна директорка за доверливо вештачко разузнавање и автономија во американскиот Оддел за одбрана, изјавила дека проектот „TORVICE“ ја надградува работата што партнерите на „AUKUS“ ја покажаа во Солсбери во април 2023 година". „За време на оваа вежба извршивме ригорозно екипирање на нашите автономни и системи на вештачката интелијенција за процена и усогласување на ранливоста и за подобрување на нивната отпорност во оспорените и сложени средини", потенцирала Саблон.
Преку AUKUS, Австралија, Велика Британија и САД соработуваат за забрзување на колективното разбирање на вештачката интелигенција и автономијата на технологии во сложени операции. Австралија, Велика Британија и САД продолжуваат да ги поддржуваат вредностите на безбедна и одговорна употреба на вештачката интелигенција.

м-р Зорица Стојкова

# Гаѓање со „ПМ 7,62“ мм, „М-72“



На 20 април, во согласност со Програмата за работа и Програмата за обука на ОРОРСМ, беше реализирана првата практична активност, подготвително гаѓање на реден број „1“ со „ПМ 7,62“ мм, „М-72“. Гаѓањето се реализираше на стрелиштето на Армијата „Долно Оризари" во Велес со учество на осумдесетина членови на ОРОРСМ и четиричлена екипа на Здружението на ветерани и резервисти од областа на одбраната и безбедноста, од кои 69 беа извршители. На гаѓањето, кое помина во најдобар ред и дисциплина, беа постигнати одлични резултати, односно 67 членови беа оценети со „надминал стандард“ и двајца со оцена „поминал“. Пред почетокот на гаѓањето присутните ги поздрави претседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев, при што им посака успешно и безбедно гаѓање, додека во име на командантот на Командата за обука и доктрини, учениците на оваа активност ги поздрави потполковникот Дејан Јовановски кој, исто така, им посака успешно гаѓање. Раководителот на гаѓањето, поручникот Гоце Попов, ги запозна со мерките на безбедност, додека потпоручникот Никола Манасиев, помошник на раководителот на гаѓањето, ги запозна со тактичко-техничките карактеристики на „ПМ 7,62“ мм. Значајно е да се напомене дека гаѓањето помина во најдобар ред и дисциплина, како на стрелиштето така и во касарната за време на ручекот, за што придонесоа резервните офицери со своето совесно однесување како и раководителот на гаѓањето и дежурниот офицер, капетанот Зоран Темов. Оваа активност во целост беа поддржана од Командата за обука и доктрини, чиј командант е полковникот Васко Коколански.

# Годишна седница на Собранието на ОРОРСМ

На 29 април се одржа петтата седница на Собранието на ОРОРСМ во проширен состав, во два дела: работен и свечен, а по повод Денот на ОРОРСМ, односно по повод 72 години од формирањето на ОРОРСМ, на 29 април 1952 година. Во работниот дел се усвоија повеќе документи кои се значајни за успешно функционирање на ОРОРСМ, меѓу кои беа следниве документи: Финансискиот извештај за 2023 година, Програмата за работа и Програмата за обука за 2024 година Финансискиот план за 2024 година и други значајни документи за Организацијата. Во свечениот дел, претседателот д-р Гоце Георгиев, во кратки црти потсети на овој многу важен ден за Организацијата и го повика уредникот на Монографијата „Нашите 70 години", Мишо Китаноски. Воедно, претстедателот им се заблагодари на сите кои учествуваа во изработката на Програмата. Мишо Китаноски во кратки црти ја презентираше Моногрфијата и истакна дека е направена убава книга, напоменувајќи дека имало материјал да биде и над триста страници. После промоцијата за сите учесници, а по повод Денот на ОРОРСМ, беше полужен скромен ручек.



# Реализација на марш на ООЕ на ОРОРСМ „Благојче Крстаноски“ од Охрид

На 11 мај, во организација на ООЕ на ОРОРСМ, „Благојче Крстаноски“ од Охрид, се изведе марш на релација с. Скребатно – Охрид, марш кој беше организиран во чест на одбележување на 25-годишнината од загинувањето на професионалниот војник Благојче Крстаноски од с. Ливоишта, Охрид, кој трагично го загуби својот живот во 1999 година како припадник на Армијата на Македонија, извршувајќи ги своите задачи на караулата „Блаце“. На маршот учествуваа делегации на ООЕ на ОРОРСМ од: Битола, Демир Хисар, Македонски Брод, Кичево, претседателот на ОРОРСМ д-р Гоце Георгиев и членот на Собранието на ОРОРСМ од Кочани, Драгче Николовски, членови на Здружението на борци од Охрид и Дебарца, членови на семејството како и членови на ООЕ на ОРОРСМ „Благојче Крстаноски“ од Охрид. На почетокот на маршот, од страна на претседателот на ОРОРСМ и делегациите беше положено свежо цвеќе на спомен-обележјето во с. Ливоишта и се посети неговото вечно почивалиште. На завршниот дел од маршот, на пригоден начин беа доделени признанија на четворица активисти за долгодишното членување и активно учество во промовирањето и реализирањето на активностите на ООЕ на ОРОРСМ „Благојче Крстаноски“ од Охрид.

Тони Мицевски






# Родово буџетирање и интерсекционалност

Интерсекциската анализа е алатка што може да ја користат владите за да помогнат во откривањето на бариерите со кои се соочуваат лицата со попреченост и како нееднаквостите може да се надополнат со други фактори како што се полот, возраста и етничката припадност

Меѓународниот ден на лицата со попреченост дава една можност малку повеќе да размислиме во однос на прашањето како и што може да се направи за да им се помогне на лицата со попреченост да го исполнат својот потенцијал. Објавениот текст „Родово буџетирање и интерсекционалност" во списанието на ОЕЦД за буџетирање, чии главни препораки се дел од од овој напис, покажува дека, иако традиционалните пристапи за родово буџетирање се значителен чекор напред кон прифаќањето на интерсекционалноста, самата интерсекционалност ги олеснува приспособените и поефективни интервенции на политиките. Последователно, прифаќање на интерсекционата анализа, е повеќе од генерализирање и овозможува да се истражува нијансираната реалност што влијае на нивните животи. Па, така, овој трансформативен пристап е клучот за отклучување на целосниот потенцијал на секој поединец, и не придвижува кон една поправедна, инклузивна и просперитетна иднина.

**Што е интерсекционален пристап во родовото буџетирање?**

Интерсекционата анализа е моќна алатка за разбирање и решавање на родовата нееднаквост. Таа овозможува подобро да се разбере како нееднаквостите што ги доживуваат граѓаните може да се надополнат со повеќе аспекти во однос на идентитетот на поединецот (на пример, раса, социо-економска класа, сексуална ориентација или попреченост). А, интерсекцискиот пристап кон родовото буџетирање е многу поголем чекор од едноставно разгледување на родот како единствена категорија со вклучување на анализа која препознава дека поединците различно ги доживуваат нееднаквостите врз основа на други

идентификувани фактори. Неколку земји на ОЕЦД, вклучително и Канада, Финска и Шведска, беа пионерски практики за родово буџетирање, демонстрирајќи го својот потенцијал да ги премостат родовите поделби. Но, со разгледување на сложените ефекти на испреплетените идентитетски фактори, интерсекциската анализа ги дообјаснува нијансираните реалности што традиционалните пристапи кон родовото буџетирање може едноставно и да ги игнорираат.

**Кои се придобивките од интерсекционото пристап кон родовото буџетирање**

Интерсекцискиот пристап кон родовото буџетирање промовира поинформирани и насочени политички активности кои се поефективни за затворање на родовите јазови. На пример, интерсекциската анализа може да обезбеди вредни сознанија за дизајнирање на ефективни интервенции за решавање на родовиот јаз во вработеноста. Имено, нечиј пол веројатно нема целосно да ги објасни предизвиците со кои се соочуваат лицата на пазарот на трудот. Но, интерсекционата анализа може да помогне да се откријат други специфични предизвици со кои се соочуваат, како што се оние кои се однесуваат на различни демографски, социјални или економски фактори. Како резултат на тоа, креаторите на политиките и на работодавачите добиваат можност да развијат насочени стратегии кои се однесуваат на специфичните предизвици со кои се соочуваат поединци од различни општествени групи.

**Предизвици при спроведување на интерсективен пристап кон родово буџетирање:**

- недостаток од достапни податоци за поддршка на интерсекционата анализа;
- перцепција дека интерсекциската анализа е премногу сложена;
- недостаток од владин капацитет за да ја преземе работата.

**Фактори кои може да помогат за поддршка на интерсекцискиот пристап кон родовиот буџет**

Интерсекцискиот пристап кон родовото буџетирање бара добра достапност на податоци расчленети по пол и други фактори на идентитет. Ревизијата на податоците, која ги идентификува областите во кои има добри владини податоци и областите каде што има празнини, често е корисна почетна точка за да се разбере како податоците може да се зајакнат за да се поддржи интерсекционата анализа.

**Вклучување на граѓански и невладини организации**

Граѓанското општество и невладините организации (НВО) можат да донесат единствени сознанија преку искористување на живите искуства. Ова помага да се збогати разбирањето за тоа како политиките влијаат врз оние со вкрстувачки идентификувани фактори. Повратните информации од граѓанското општество и анализите од невладините организации во врска со буџетот и неговите влијанија, исто така, можат да помогнат во обезбедувањето увид за неговите влијанија меѓусебно, зајакнувајќи ја транспарентноста и одговорноста.



Развојот на методи и алатки за интерсекциска анализа, како и насоки и обука околу нивното спроведување е еден од главните начини на кои владините капацитети за интерсекциона анализа може да се зајакнат. Ова може да вклучува дефинирање на опсегот на интерсекционата анализа и совети за тоа како да се идентификуваат кои идентитетски фактори треба да бидат вклучени во анализата поврзана со било кој предлог буџет.

**Како родовиот буџет со интерсекционен пристап се разликува од иницијативите како буџетирање за еднаквост?**

Буџетирањето за еднаквост и родовото буџетирање се два пристапи за анализа на влијанието на политиките и буџетските мерки врз поединците. Буџетирањето за еднаквост зема предвид низа фактори како што се пол, возраст, етничка припадност и раса. Родовото буџетирање е различно по тоа што систематски ќе му даде приоритет на родот како силна компонента на анализата. И двата пристапи може да се сметаат за вкрстени ако ги земат предвид сложените ефекти на различните фактори врз еднаквоста.

м-р Билјана Поповска

(повеќе на https://lnkd.in/dNkXxsiH, или OECD Journal on budgeting - https://doi.org/10.1787/16812336)



# Нови хеликоптери за Армијата: „AW149“ и „AW169M“

**Военото летало „AW149“** припаѓа во класата на средни повеќенаменски двомоторни хелиоптери. Хеликоптерот поседува класична конструкција кај која главниот ротор има 5 елиси, а задниот ротор 4 елиси. За изработка на конструкцијата и нејзините компоненти се користи најсовремна технологија и материјали (легури на алуминиум и композити). Конструкцијата на леталото е проектирана да се приспособува според потребите на корисникот, односно производителот. Врз основа на една конструкција нуди верзии (со различна опрема) за изведување на следните мисии: транспорт на војници и нивно снабдување со внатрешно или надворешно носење на товар, за медицинска евакуација, за пребарување, спасување и извлекување, за операции на специјалните сили, за блиска воздушна поддршка и вооружена придружба, за командување и контрола (C2) и за разузнавање, надзор и извидување. Во кокпитот е сместен двочлениот екипаж за чиишто потреби од бочните страни се поставени врати, додека во транспортната кабина, која има 11,2 m³ стандардно сместување, се сместуваат 16 војници кои имаат можност за брз влез/ излез, благодарение на двете големи бочни лизгачки врати со широчина од 1, 68 m и височина од 1, 35 m. Инаку, димензиите на кабинскиот простор се следни: должина 3,4 m, височина 1,4 m и широчина 2,4 m. Позади кабината е карго-посторот со капацитет од 2,4 m³. Во кокпитот, во контролниот панел, се вградени 4 повеќенаменски колор дисплеи, а панелот е компатибилен за користење на ноќни визири од екипажот. Инаку леталото има отворена електронска архитектура која овозможува лесна и брз надградба, поврзана со магистралата на податоци „MIL-STD-1553B“. Од останата опрема леталото поседува или по потреба може да се доопреми со воени комуникациски уреди, климатизација, систем за одмрзнување, GPS-навигација, систем со пловци на надувување (за принудно слетување на вода), секач на жица, пребарувачко светло, системи за детекција и заштита од ракетен напад, балистичка заштита на кабината и на критичните компоненти и друга опрема на барање на корисникот.

За опремување на леталото со погон, на корисникот му се нуди опција од два мотори, и тоа „General Electric CT7-2E1“ или „Safran Aneto-1K“ (кои поседуваат FADEC-контрола), а како дополнителен погонски уред се вградува „Safran e-APU“ од 60 kW.

На барање на корисникот, на бочните прозори од „AW149“ може да се поставaт постаменти за пушкомитралези или митралези со калибар 7,62 mm, а надворешно да се закачат носачи за оружја на кои може да поставaт подвесни контејнери опремени со митралези со калибар




| Тактичко-технички карактеристики на „AW149“ | |
|---|---|
| Екипаж и војници | 1- 2 члена + 16 војници со тешка опрема или 19 војници со лесна опрема |
| Вкупна должина со ротори | 17,57 m |
| Височина со ротори | 5.07 m |
| Дијаметар на роторот | 14,6 m |
| Погон (се нудат два типа на погон) | 2 турбо вратилни мотори „General Electric CT7-2E1“ (*) или „Safran Aneto-1K“ (**) |
| Крстосувачка брзина | 294 km/h |
| Лебдење со земјен ефект | 3.948 m (*) или 4.572 m (**) |
| Лебдење без земјен ефект | 2.893 m (*) или 2.712 m (**) |
| Максимален долет со внатрешно гориво + помошен трансферзален резервоар | 1.009 km (*) или 913 km (**) |
| Максимално време на летање со внатрешно гориво + помошен трансферзален резервоар | 5 часа и 5 минути (*) или 4 часа и 28 минути (**) |
| Максимална тежина на леталото | 8.600 kg |
| Максимална корисна носивост | 3.800 kg |
| Можност за оперирање при температури | од -40 до +55 степени |

од 12,7 mm или автоматски топови од 20 mm, повеќецевни ракетни лансери со ненаведувани и наведувани ракети од 70 mm, наведувани противоклопни ракети и наведувани противавионски ракети со мал дострел. Корисници на „AW149“ се: Полска, Египет и Тајланд.

**Военото летало „AW169M“** припаѓа во класата на лесни (средно ниво) повеќенаменски двомоторни хелиоптери. Хеликоптерот поседува класична конструкција кај која главниот ротор има 5 елиси, а за задниот ротор 3 елиси. За изработка на конструкцијата и нејзините компоненти се користи најсовремена технологија и материјали (легури на алуминиум и композити). Конструкцијата на леталото е проектирана да се приспособува според потребите на корисникот, а производителот ги нуди следните верзии (со различна опрема): транспорт на војници и логистичка поддршка со внатрешно или надворешно носење на товар, за медицинска евакуација, за пребарување, спасување и извлекување, за операции на специјалните сили, за блиска воздушна поддршка, за командување и контрола (C2) и за извидување и надзор.Во кокпитот е сместен двочлениот екипаж. За потребите на екипажот, од бочните страни се поставени врати, додека во транспортната кабина, која поседува 6,3 m³, стандардно се сместуваат 8 војници кои имаат можност за брз влез/излез, благодарение на двете големи бочни лизгачки врати со широчина од 1,6 метри. Димензиите на кабинскиот простор се следниве: должина 2,77 m, височина 1,32 m, широчина 2,05 m. Позади кабината е карго-посторот со капацитет од 1,4 m³. Во кокпитот, во контролниот панел, се вградени 3 повеќенаменски колор-дисплеи, а панелот е компатабилен за користење на ноќни визири од екипажот. Освен ова, вградени се и 2 дисплеи на допир HMI (Human Machine Interface), кои обезбедуваат графичка визуелизација на системите за контрола и следење на работењето на леталото. Леталото поседува отворена електронска архитектура која овозможува лесна и брза надградба. Благодарение на ваквата изведба се овозможува прифаќање на различна опрема, сензори и системи за оружја, за да се обезбеди флексибилност на мисијата при изведување на различни операции. Постојат и опции за вградување воени безбедносни комуникации, FLIR-електрооптички/инфрацрвен уред, рефлектор, GPS-наведување, звучници, дигалка за спасување, кука за товар, секач на жица, системи за детекција и заштита од ракетен напад, балистичка заштита на кабината и на критичните компоненти и друго. Корисникот може да избира дали стојниот трап со тркала (трицикл) ќе биде фиксен или на склопување или ќе бидат поставени скии.
Како погон леталото користи два 2 турбо вратилни мотори „Pratt & Whitney PW210A1“, кои поседуваат FADEC-контрола.
По желба на корисникот, на леталото може да се постави внатрешно и надворешно оружје. Внатрешното оружје вклучува еден митралез со калибар од 12,7 mm или два митралези со калибар од 7,62 mm, поставени на постаменти (на бочните страни). Надворешните опции за поставување оружје вклучуваат подвесни контејнери опремени со митралези, со калибар од 7,62 mm или 12,7 mm повеќецевни лансери за ненаведувани и наведувани ракети со калибар од 70 mm и наведувани противоклопни ракети. Воени корисници на „AW169M“ се: Австрија, Италија, Катар. „AW169M“ е порачан е од Домениканска Република. Верзијата „AW169“ од полициски и цивилни служби се користи од државите: Канада, Словенија, Индонезија, Обединетото Кралство, Шведска, Норвешка и други.




| Тактичко-технички карактеристики на „AW169M“ | |
|---|---|
| **Екипаж + војници** | 1- 2 члена + 8 војници со тешка опрема или 10 војници со лесна опрема |
| **Вкупна должина со ротори** | 14, 65 m |
| **Височина со ротори** | 4,3 m |
| **Дијаметар на роторот** | 11, 12 m |
| **Погон** | 2 турбо вратилни мотори „Pratt & Whitney PW210A1“ |
| **Крстосувачка брзина** | 261 km/h |
| **Лебдење со земјен ефект** | 4.572 m |
| **Лебдење без земјен ефект** | 3.611 m |
| **Максимален долет со внатрешно гориво** | 701 km |
| **Максимално време на летање со внатрешно гориво** | 3 часа и 36 минути |
| **Максимална тежина** | 4.800 kg или 5.100 kg (зависно од опрема) |
| **Максимална надворешна корисна носивост (на товар)** | 1.500 kg |

Ивица Дамески




# Свечено одбележан 20 Мај –

Логистичката база, која е највисоката единица од доменот на логистиката во Армијата и првопотчинета команда на Генералштабот, со воена свеченост во касарната „Илинден“ во Скопје, го одбележа Денот на единицата. На свеченоста по повод Денот на единицата, пред присутните се обратија НГШ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, заменик-министерот за одбрана Тирон Јајага и командантот на Логистичката база, полковник Мухарем Мухареми. Генералот Ѓурчиновски, честитајќи им го на припадниците на Логистичката база Денот на единицата, им оддаде признание и благодарност за досегашните постигнувања и притоа им порача да продолжат со истиот интензитет и професионално, како и досега ,да ги извршуваат доделените работни задачи. Заменик-министерот, Јајага истакна дека логистичката поддршка е еден од главните столбови на Армијата активно придонесувајќи во секоја активност на припадниците на Армијата, во и надвор од границите на нашата држава, но и логистичка поддршка при транзит на сојузничките сили. Командантот на Логистичката база, полковник Мухарем Мухареми, во своето обраќање истакна дека единицата изминатиов период беше активно посветена на обезбедување континуирана и навремена логистичка поддршка за редовните активности на Армијата, поддршка на составите кои се упатуваат во меѓународните операции и поддршка на меѓународните вежби. Тој истакна дека без присуство на логистиката не е можна реализација на каква било воена



# Денот на Логистичката база

активност или операција, но за непречена реализација на активностите и логистиката мора да се прилагодува и да биде побрза и поефикасна. За постигнатите резултати во работењето беа доделени повеќе стимулативни мерки, а воедно беа соопштени и унапредувања во повисок чин. На свеченоста присуствуваа и заменикот на началникот на Генералштабот, генерал-мајор Азим Нуредин, државниот секретар во Министерството за одбрана, Владимир Анчев, командантот на Командата за операции, бригаден генерал, Бесник Емини, активни и пензионирани армиски генерали, претставници од Министерството за одбрана и Генералштабот, команданти на единици на Армијата, Министерството за внатрешни работи и други институции и организации со кои соработува логистичката база.

Со одлука на претседателот и врховен командант на Армијата, Логистичката база го прославува 20 Мај во спомен на денот кога во 1876 година започнало Разловечкото востание и првите логистички подготовки за отпочнување на Востанието.

Логистичката база, целиот овој период од постоењето на Армијата извршува планирање, организирање, координирање на логистичката поддршка на командите и единиците на Армијата на повисоко рамниште во функционалните области: снабдување; одржување и поправка; движење и транспорт; медицинска и ветеринарна поддршка; инфраструктура и други услуги.

# Конвертиплан „V-22 Osprey“

Леталото „V-22 Osprey“ припаѓа во класата на конвертиплани и е повеќенаменско висококрилно двомоторно елисно летало, кое главно е наменето за транспорт. Кај него е применета технологијата „tilt-rotor“,која на леталото му овозможува со ротирање на моторите, вертикално и скратено полетување и слетување. Практично, ова е многу важна карактеристика во која се обединети летачките особини на класичниот авион и на хеликоптерот. Но, за разлика од хеликоптерот, конвертипланот има многу поголем долет и двапати поголема брзина на летање, а за разлика од класичниот авион, може да лебди, да полетува и да слетува вертикално, овозможувајќи оперирање од неподготвени терени, доволно големи бродски палуби и нема зависност од големи и скапи аеродромски писти.
Контролниот панел во кокпитот е опремен со 5 големи повеќенаменски колор-дисплеи, кои се наменети за прикажување на податоците за моторите и параметрите на летот. Пилотските шлемови кои се користат се од моделот „HGU-56P“, кои се опремени со визири за прикажување на важните параметри на летот, додека за ноќни операции на нив се поставуваат визирите за ноќно летање „ANVIS-9“, кои се компатабилни со контролниот панел. Кокпитот е опремен и со АБХО-систем за заштита и со OBOGS-систем за обезбедување кислород во внатрешноста. За управување со леталото се користи сложен дигитален триканален FBW-електричен систем и FADEC-дигитален систем за управување и контрола на моторите, но за поголема безбедност е вграден и резервен аналоген електричен систем за нивно управување. За комуникација, леталото е опремено со кодиран комуникациски уред за користење на фреквенциите VHF/ UHF/ AM/ FM, а вградена е и опрема за интерна комуникација помеѓу екипажот и уред за сателитска комуникација. Во леталото, исто така, се вградени две магистрали за пренос на податоци „MIL-STD-1553B“, навигациските системи „TACAN AN/ARN-133(V)“ и „INS/GPS“, радиовисиномер, систем за препознавање на летала IFF/ SIF, опрема за електронско војување, а за заштита, леталото е опремено со системите „ITT ALQ-211“ и „ATK AN/ AAR-47“ (за детектирање лансирана ракета), сензорскиот систем „AVP-2A“ за детекција од ласерска озраченост, а за заштита од наведувани ракети се вградени два лансери на мамки со вкупно 60 патрони и друга опрема.
Транспортниот простор на конвертипланот „V-22“ е со следните димензии: максимална должина 7,37 m, максимална широчина 1,8 m и максимална височина 1,83 m. Во транспортниот простор можат да се сместат 32 патници или 24 војници со својата опрема. Освен тоа, има и уште едно седиште за ракувачот со товар или 12 носила за повредни војници или 4 транспортни палети со димензии 101x102 cm. Инаку, максималната внатрешна носивост на леталото изнесува 9.072 kg. Надворешната носивост на леталото со една кука изнесува 4.536 kg, а кога товарот е прикачен со 2 куки, носивоста изнесува 5.670 kg. За извлекување или за спуштање лица на непристапен терен, кај десната предна врата и на кровот кај товарна рампа може да се постави механизам со кука (со сајла) или десантно јаже.
На крајот од крилата на леталото, како погон се вградени 2 турбоосовински елисни мотори „Rolls Royce Liberty AE1107C“, секој со максимална моќност од 6.150 ks. Моторите се сместени во гондоли, кои имаат можност за ротирање од 97,5 степени (од вертикална во хоризонтална позиција и обратно). Секој мотор поседува 3 елиси кои се ротираат во спротивен правец од другиот мотор. Моторите, дел од својата сила ја префрлуваат до помошниот погонски уред кој има функција да го придвижува механизмот за ротирање на гондолите во кои се сместени моторите. Во случај да откаже еден од моторите, леталото може да продолжи со летање, благодарение на погонското вратило кое е поставена по целата должина на централниот дел од крилото и преку кое се пренесува погонската сила од едниот мотор до елисите од другиот мотор. Инаку, на леталото „V-22“ му се потребни минимум 12 секунди за преод од хеликоптерски режим на полетување во класичен авионски лет. Со цел зафаќање помал простор за хангарско сместување, крилата на моторите „V-22“ и нивните елиси поседуваат посебни синхронизирани механизми за нивно автоматско склопување/ расклопување, а целата процедура трае 90 секунди.
За самоодбрана, кај задната товарна рампа леталото може да се опреми со еден митралез „M240“ со калибар 7,62×51 mm или со тежок митралез „M2“ со калибар 12,7 mm. Инаку, за мисиите во Авганистан, одреден број летала „MV-22B“ се опремени и со далечински управуваната борбена станица IDWS со митралез „GAU-17A“, која е поставена на централниот долен дел од транспортниот оддел.
Во меѓувреме, се експериментирало и со далечински управувана борбена купола во носот на леталото која е опремена со митралезот GAU-19A и со наведувани и ненаведувани оружја.
Врз основите на „V-22 Osprey“ досега се развиени 4 основни верзии: „MV-22B“, наменета за Маринскиот корпус на САД, верзијата „CV-22B“, наменета за Военото воздухопловтсво на САД и „HV-22“ и „CMV-22B“, наменети за Воената морнарица на САД. Освен САД, леталото го користат и одбранбените сили на Јапонија.

Ивица Дамески

### Објаснување на пресек-сликата

1. Кокпит опремен со катапулт седишта
2. Преден стоен трап
3. Радар за следење на теренот „Reytheon AN/APQ-186“
4. ИЦ-сензорски уред на набљудување „Reytheon AN/AAQ-16“
5. Вовлекувачка телескопска цевка за дополнување на гориво во лет
6. Челичен прстен за ротирање на крилото
7. Автоматски механизам за склопување на крилото
8. Моторот во позиција за летање како хеликоптер
9. Флапс, изработен од карбон-фибер
10. Композитна елиса
11. Погонско вратило
12. Ротирачки погонски систем и кочница
13. Помошен погонски уред
14. Генератор
15. VHF/ UHF/ AM/ FM-антена








**16.** Вертикален стабилизатор со кормило за управување по правец

**17.** Хоризонтален стабилизатор со кормило за упаравување по височина

**18.** Означувачко светло

**19.** Конструкција на подигнатата опашка за подобар приод до задната товарна рампа

**20.** Антена на трупниот командир

**21.** Задна товарна рампа со хидрауличен механизам за функционирање

**22.** Носач на гондолата од моторот

**23.** Редуктор на ротирачката оска

**24.** Моторот, во позиција за летање како авион

**25.** Елисен турбоосовински мотор „Rolls Royce Liberty AE1107C“

**26.** Трансмисија на роторот

**27.** Погонска осовина на роторот

**28.** Резервоар за гориво со капацитет од 1431 kg

**29.** Помошен отвор, наменет за принудно напуштање на леталото во случај на незгода

**30.** Простор за авионика

| Тактичко-технички карактеристики на „V-22 Osprey“ | |
|---|---|
| **Членови на екипаж** | 2 члена кај верзијата „MV“ и 3 члена кај верзијата „CV“ + еден ракувач на товар |
| **Должина** | 17.49 m |
| **Должина со склопени крила** | 19.08 m |
| **Височина** | 6.73 m (вертикално исправени мотори) |
| **Височина со склопени крила** | 5.61 m |
| **Опсег на крилата** | 15.52 m (со вклучени гондоли на моторите) |
| **Максимална широчина** | 25.52 m (при ротација на моторите) |
| **Широчина на леталото со склопени крила** | 5.61 m |
| **Дијаметар на роторите** | 11.58 m |
| **Површина на крилата** | 35.49 m 2 |
| **Тежина, празен** | 15.060 kg |
| **Максимална тежина при вертикално полетување** | 23.859 kg |
| **Максимална тежина при скратено полетување** | 25.855 kg |
| **Максимална тежина при класично полетување** | 27.433 kg |
| **Погон** | 2 мотори „Rolls Royce Liberty AE1107C“, секој со максимална моќност од 6.150 ks |
| **Максимална брзина** | 565 km/h |
| **Крстосувачка брзина** | 493 km/h |
| **Минимална брзина** | 200 km/h |
| **Брзина на искачување** | 1.250 m/min |
| **Плафон** | 7.620 m |
| **Плафон на лебдење** | 2.896 m |
| **Стандарден долет** | 1.628 km |
| **Борбен радиус** | 720 km |
| **Капацитет на гориво** | MV-22B-верзија, 5.481 литри, CV-22B-верзија, 7.722 литри |



# Беспилотно летало „AAI RQ-2 Pioneer“

Во денешни услови извидувачките беспилотни летала целосно навлегле во современите воздушни арсенали, но тоа отсекогаш не било така. Во развиените држави, на овие платформи, им било потребно одредено време за да се создадат како системи за набљудување или за надзор наместо традиционалните авиони и хеликоптери

Во состав на американскиот Марински корпус, првиот дрон што го користеле неговите војници е малото летало со еден мотор, познато како „AAI RQ-2 Pioneer“. На почетокот на 1980-тите, американската Морнарица и Маринскиот корпус започнале да се интересираат за концептот на дронови за набљудување во корист на нивните амфибиски и копнени операции. Всушност, во тоа време, тие учеле лекции од употребата на такви системи од страна на израелските сили, поточно десетина години порано во војната против арапскиот свет. Сосема рудиментирани машини, леталата можат да ги следат и да ги набљудуваат непријателските сили, додека во исто време се избегнувало загрозување на сопствените пилоти. Откако започнало размислувањето за набавка на израелски беспилотни летала, Пентагон побарал од аеронаутичката индустрија да соработува со малата американска компанија AAI (Aircraft Armaments Incorporation), која била надвор од големите производители како„ Lockheed“, „Northrop“ или „Ryan“. Во тоа време „AAI RQ-2A Pioneer“ можел да работи во режим на далечинско пилотирање како и кој било друг дрон, или во претпрограмирање како проектил. Втората способност била особено привлечна за американската војска, која имала намера да ја користи за време на Студената војна, бидејќи советските сили требало да поседуваат масовна електронска опрема за контрамерки.

Беспилотното летало „AAI RQ-2 Pioneer“ претставува едно од првите беспилотни дронови за набљудување на американската морнарица, што е влезено во оперативна употреба. Морнарицата го приспособила оригиналниот дизајн, распоредувајќи го на воените бродови во 1980-тите години, а подоцна леталото било усвоено од Маринскиот корпус и од Армијата за копнени операции (распоредување на леталото на море и на копно било во периодот од 1986 до 2007 година).

Програмата за леталото била заеднички развиена од страна на две компании („AAI Corporation“ и „Israel Aircraft Industries“), со успешно тестирање и операции на терен, реализирани од страна на американските и израелските вооружени сили. Кратенката „RQ-2“ од називот на леталото го означува следново: „R “ е ознака на Министерството за одбрана за извидување, „Q“ значи систем на авиони без екипаж, а бројот „2“ се однесува на тоа дека е втор од серијата наменски изградени системи за извидувачки авиони без екипаж. Постоечките варијанти „RQ-2B“ биле надградени до стандардот „RQ-2C“, за да се обезбеди нивната оперативна борбена способност до 2015 година.

**Развој и карактеристики на леталото**

Во 1980-тите години американските воени операции во Гренада, во Либан и во Либија, увиделе дека постои потреба од развивање на евтино беспилотно таргетирање преку хоризонт, како и за извидување и процена на борбената штета за потребите на воените команданти. Како резултат на тоа, во јули 1985 година, секретарот на Морнарицата раководел со процесот на експедитивно стекнување беспилотни системи за идните операции. Во декември 1985 година биле набавени два системи на „Pioneer“, а процесот на тестирање







започнал наредната година. Првичната испорака на системот била извршена во јули 1986 година и последователно била распореден истата година на воен брод. Иако леталото првично било тестирано и поставено на борбените бродови за испорака на огнена моќ, подоцна неговата мисија еволуирала во извидување и надзор, првенствено за амфибиските сили.
Беспилотното летало „AAI RQ-2 Pioneer“, на барање на американската Морнарица, претставува надградена верзија на леталото „IAI Scout“ на кое се дизајнирал и се вградил поинаков мотор за да овозможи поголема носивост.
Леталото „Pioneer“ може да биде лансирано со помош на ракета од брод, со катапулт, ракетен засилувач или од писта, со можност за лет до пет часа.
Ова летало може да лета во дневни или во ноќни мисии, пренесувајќи аналогно видео во реално време преку податочна врска со линија на видување. Леталото е опремено со автопилот, со инертен систем за навигација и со двонасочна податочна врска. Иако може да лета со претходно програмирана мисија, вообичаениот начин на работа е рачно далечинско управување. За изградба на леталото биле користени композитни крила од фиберглас или јаглеродни/графитни влакна. Ова летало има композитни хоризонтални и вертикални стабилизатори од истиот материјал.
За изградба на телото на леталото, како и за други делови бил користен е алуминиум за визуелно откривање и откривање со помош на радар.
Малата големина и композитните материјали го прават „RQ-2“ да биде тешко летало. Од 1991 година, беспилотното летало „AAI RQ-2 Pioneer“ се употребувало во извидувачки мисии во конфликтите во: Персискиот Залив, Сомалија, Босна и Херцеговина, Косово и Ирак.
На меѓународно ниво, беспилотните летала од оваа класа можеби се најмногу запаметени по нивната улога за време на Заливската војна во 1991 година, кога ескадрилите на беспилотни воздушни системи на Маринскиот корпус биле распоредени во Ирак и биле лансирани од борбениот брод (USS Wisconsin BB-64). Овие операции довеле до предавање на неколку ирачки војници. Тие ја сигнализирале намерата да се предадат за време на ниското надлетување на беспилотното летало „AAI RQ-2 Pioneer“. Војниците разбрале дека, наскоро, на нивната позиција ќе има проектили според точната локација и веднаш го направиле „вистинскиот избор“ со сигнализирање за предавање. Со овој настан за прв пат непријателските војници биле предадени со надлетување на беспилотно летало. Ваквите летала потоа се користеле во Авганистан, па дури и во поморските пиратски зони на Индискиот Океан. Во 2005 година, ескадрила на американскиот Марински корпус ги распоредила беспилотните летала над Њу Орлеанс, со цел подобро да се процени штетата предизвикана од ураганот „Катрина“.
Ова беспилотно летало, преку извидување и надзор на теренот, обезбедува информации за намерата и целта на командантот, како и информации за настанати штети од војувањето во реално време. Копнените контролори пилотираат со леталото во рамките на неговиот долет од 185 километри. Може да патролира повеќе од пет часа, а контролата на „RQ-2“ може да се предава од една контролна станица до друга контролна станица, со што ќе се зголеми долетот на леталото и ќе се овозможи лансирање од една локација со враќање на друга локација, со цел да обезбеди преносливи слики до распоредените маринци. За слетување и запирање се користи фиксна опрема за слетување на трицикли, или се запира со кука на неговата опашка и со помош на челично јаже. При слетување во вода се извлекува со мрежа, а за слетување на копно се користи доуредена површина со мали димензии.
Од општите карактеристики кои се однесуваат на беспилотното летало „AAI RQ-2 Pioneer“ ги издвојуваме следниве : има должина од 4,3 метри, распонот на крилата изнесува 5,15 метри, има висина од 1,00 метар, тежина од 205 килограми, со капацитет на гориво од 44 до 47 литри, долет од 185 километри и плафон на лет од 4.600 метри. Со системот, покрај САД, управуваат и Израел и воздухопловните сили на Република Сингапур. Откако беспилотното летало „AAI RQ-2 Pioneer“ не е повеќе во употреба кај американската Морнарица, истото е заменето со беспилотното летало „Shadow“.

Драган Павловски



# „Pars Alpha 8×8“ – оклопно борбено возило

Компанијата „FNSS“, производител на борбени возила од Република Турција, го откри ова борбено возило на Светското одбранбено шоу, коешто се одржа во Малхам, Саудиска Арабија, во февруари 2024 г. „Pars Alpha 8 × 8 AFV“ интегрира напредно дизајнирање на платформата и технологии за зајакнување на подвижноста, опстанокот и свеста за ситуацијата. Тоа е најновиот додаток на семејството оклопни возила со тркала PARS на компанијата „FNSS“, дизајнирани да работат во различни мисии и околини. Семејството на возила PARS вклучува оклопни борбени возила „Pars 8x8“, „Pars 6x6“, „Pars III 8x8“ и „PARS IV 8x8“, меѓу останатите кои се во служба со армиите на глобално ниво.

**Дизајн и карактеристики**

Оклопното борбено возило „Pars Alpha 8x8 AFV“ има должина од 7,8 м и ширина од 3,1 м. Има висина на патот од 2,4 м и висина при транспортот помала од 2,2 м. Тој може да се пофали со сооднос моќ до тежина над 21 кс на тон. Оклопното борбено возило AFV од следната генерација може да се справи со вертикална пречка од 0,8 м, да

> „Pars Alpha 8 × 8“ е оклопно борбено возило (AFV) од најновата генерација, со засилени тактички и борбени способности кои ги задоволуваат сегашните и идните потреби на вооружените сили

совлада вкрстени ровови до 2,4 м, радиус на вртење помал од 7,8 м, додека истиот може да совладува водена препрека со длабочина на водата до 1,2 м. Во возилото може да се сместат вкупно 12 лица, вклучително и екипаж 3 лица, возач, нишанџија и командир на возилото, како и дополнителни девет војници во конфигурација на AFV со далечинско управувана вооружена станица. Со распоредот на седење, возачот и командирот напред, нишанџијата веднаш позади возачот, 4 војници од страната на возачот и 5 од страната на командирот седнати едни наспроти други се обезбедува контакт со очите и се подобрува координацијата помеѓу екипажот на возилото и персоналот кој се транспортира. Седиштата на AFV се така дизајнирани да го намалат влијанието на експлозиите на минтите со позиционирање на возачот и командирот на возилото позади одделот за напојување над втората оска и да ја зајакне безбедноста на екипажот од значителни закани од сите правци. Ажурираниот распоред на седење во возилото, им овозможува на патниците да имаат свесност за ситуацијата во реално време од 180 степени. Флексибилниот структурен дизајн и силуетата на возилото овозможуваат супериорен низок профил, додека сѐ уште обезбедува изобилство внатрешен простор преку отворена архитектура. „Pars Alpha 8 × 8 AFV“ се придржува кон современите стандарди за воена логистика, што го прави лесно транспортен на автопатите и железниците. Исто така е компатибилен со разни стратешки воздушни транспорти, вклучувајќи ги A400M, C-17 Globemaster, C-5 Galaxy, AN-124 и IL-76.
Системите за заштита и поддршка на возилото имаат високи нивоа на балистичка, противминска и заштита

од IED (импровизирани експлозивни направи) класифицирана во согласност со НАТО СТАНАГ 4569. Возилото е исто така опремено со стандарден систем за детекција на истрели од огнено оружје, фрлачи на чадни гранати, автоматски систем за детекција и спречување на пожари, НХБ-заштита со притисок – филтравентилациски систем со АБХ-заштита: заштитна маска за лице, стандарден систем за климатизација и грејач. Исто така, може да биде опремена со опционален систем за активна заштита и систем за ласерско предупредување. „Pars Alpha 8x8 AFV“ вклучува систем на свесност за ситуацијата од 360 степени со екрани и интегрирани камери кои обезбедуваат јасен вид во текот на денот и ноќта. Има и систем за гледање на возачот и опционален систем за управување со бојното поле (BMS-battlefield management system). Комуникациската опрема вклучува радија со многу висока фреквенција, ултрависока фреквенција и интеркомуникациски систем на екипажот. Возилото има електричен систем усогласен со „MIL-STD 1275“ и „MIL-STD 464“, изолирана висока моќност за опрема за мисијата со можност за дополнителна единица за напојување (APU – Auxiliary Power Unit).

**Вооружување, мотор и мобилност**

Оклопното борбено возило „AFV“ може да биде опремено или со TEBER-II 30/40 купола со две лица или со далечински управувана купола. На кровот на куполата инсталиран е независна далечински управувана вооружена станица опремена со митралез 7,62 мм/5,56 мм и интегрирана со панорамскиот систем за гледање на командирот на возилото. Два противтенковски наведувани проектили, поддржани од вградениот систем за контрола на огнот се достапни и спремни за гаѓање (ready-to-fire). Главното вооружување вклучува впрегнат топ од 30 mm/40 mm (со реденик) и автоматски топ со двојно напојување (хранење со муниција од две места), кој може да се замени со цевка од 30 или 40 mm. Секундарното вооружување е митралез од 7,62 мм или впрегнат митралез од 7,62 мм. „PARS ALPHA“ има дизел-мотор кој обезбедува моќност од 711 КС. Менувачот е целосно автоматски со шест брзини напред и една брзина наназад. PARS ALPHA може да достигне максимална брзина на патот од 115 килом на час, брзина на лазење под 5 км на час и има автономија на опсег повеќе од 800 км. Овие возила може да совладаат наклон од 70% и страничен наклон од 40%, а има агли на приближување и поаѓање кои надминуваат 55 степени. Возилото има самоодржлив систем на суспензија, со дизајн со двојни попречни носачи (полуги) и хидропневматска суспензија со прилагодлива висина на возење.

Има четири оски, погон на сите тркала и функции за управување со сите тркала. Кутијата за пренос е со две брзини, а работните сопирачки се пневматски, со систем против блокирање на секое тркало, составен дел на погонската линија. Дополнително, има рачни сопирачки кои се активираат со пружина и се хидраулично контролирани.

**Варијанти на „PARS ALPHA 8×8 AFV“**

Оклопното борбено возило „PARS ALPHA 8×8“ е достапно во различни варијанти, вклучувајќи го и мобилниот топовски систем „PARS ALPHA 8×8“ 120mm/105mm/90mm, оклопното борбено возило од следната генерација „New Gen AFV „PARS ALPHA 8×8“ 30mm или 40mm со купола за двајца луѓе и New Gen AFV „PARS ALPHA 8×8“ 30mm или 40mm со купола на далечинско управување. Други варијанти вклучуваат „New Gen AFV „PARS ALPHA 8×8“ 35 mm со далечински управувана купола, „PARS ALPHA 8×8“ 2x120 mm оклопно возило-носач на минофрлач, „PARS ALPHA 8×8“ 2x35 mm, систем за противвоздушна одбрана, ракетен систем „PARS ALPHA 8×8“, „PARS ALPHA 8×8“ борбено инженерско возило и „PARS ALPHA 8×8“, командно и контролно возило и возило за огнена поддршка. Оклопното борбено возило „PARS ALPHA 8x8“ е воздушно преносливо има стратегиска оперативна способност, усогласена со модерната воена логистика бидејќи може да се транспортира на автопати, железници и е компатибилен со флота од стратешки авиони како што се „A400M“, „C-17 Globemaster“, „C-5 Galaxy“, „An-124“ и „Il-76“. Како оператори на возилата PARS се вооружените сили на Либија, Оман, Турција и Малезија, додека како потенцијални земји оператори се Азербејџан и Косово.

Идриз Идризоски



| Спецификации на борбеното возило „PARS ALPHA“ се: | |
|---|---|
| **Тип на возило** | Оклопно борбено возило |
| **Производител** | FNSS Defence Systems |
| **Должина** | 7,8 м |
| **Широчина** | 3 м |
| **Висина** | 2.4 м |
| **Јачина на моторот** | 711 hp |
| **посада** | 3+9 |
| **Вооружување** | МФ 105/120 mm, топ 30/40 мм, MG 7,62 mm |
| **Автономија на опсег** | 800 km |
| **Максимална брзина на пат** | 115 km/h |
| **Радиус на вртење** | 7,8 м |
| **Совладување на наклон** | 60% |
| **Совладување на страничен наклон** | 40% |
| **Совладување на вертикални пречки** | 0,8 м |
| **Совладување на ров** | 2,4 м |
| **Совладување на водена пречка** | 1,2 м |



# „Savoia-Marchetti SM79 Sparviero“

Втората светска војна била конфликт во кој, велесилите како Германија, Велика Британија, Советскиот Сојуз, Јапонија и Соединетите Американски Држави демонстрирале значителни военотехнолошки достигнувања. Нивните вооружени сили забележувале нови иновантивни тактички и стратешки пристапи на борбеното поле. Имено, помеѓу набројаните велесили кои доминирале во текот на Втората светкса војна, недостига Италија

Како една од силите на оската, Италија не била толку позната ниту пак славна по горе-наведените достигнувања. Иако фашистичкото движење во Италија било на власт пред Адолф Хитлер да стапи на моќ во Германија, Италјаниските вооружени сили биле повеќе славни по својот имиџ и шарм отколку борбените способности. Иако Бенито Мусолини имал голем апетит за нови територии особено во Северна Африка, Италјанските вооружени сили не биле достојни на задачата. Тие забележувала значителни тешкотии во соочувањето со релативно слабо опремената војска на Велика Британија која била значително присутна во Северна Африка со цел да го заштити своето колонијално владеење.
Но покрај слабата копнена војска, несоодветно произведените тенкови и оклопни возила, Италјанското воено воздухопловство успеало да произведе еден од најдобрите бомбардери од средна класа во Втората светска војна, одличниот „Савоја Маркети СМ79 Спарвиеро“. Заедно со италјанскиот ловец „Маки Ц 202“, тие биле помеѓу ретките носители и бранители на Италјанската гордост во војната.

**Дизајн**

Во 1934 година, дизајнерскиот тим на компанијата „Савоја маркети“, предводен од воздухопловниот инжинер Алесандро Маркети започнал со првичните нацрти на авионот „СМ79“. Првичната идеја и причина за отпочнување на дизајнот била со цел да се произведе воздухоплов за тркачки намени, и патнички-транспортни намени. Дизајнот орбитирал кон товарен или капацитетен простор за осум патници кои требало да бидат сместени во централната воздушна конструкција на авионот. Придвижувањето било замислено со помош на два мотори лоцирани во крилата на авионот, но крајниот

резултат бил воздухоплв со три мотори, од кои третиот бил лоциран во носниот предел на авионот. Ова се должело повеќе од јавни безбедносни причини отколку од дизајнерски потреби. Според дизајнерската замисла, сите три мотори требало да произведуваат по 800 коњски сили, но крајниот резултат бил различен од очекувањето. Воздухопллвот бил придвижуван со три послаби мотори, со помала моќност од по 600 коњски сили по мотор. Тоа се должело кон достапноста на делови, истрајноста и пред се квалитетот на изработа. Трите мотори биле „Пијаџо Стела“ кои пак биле лиценцирана варијанта на Бртанскиот мотор „Бристол ЈУпитер“. На 28-ми септември, 1934 година, авионот „СМ79“ го забележал својот прв лет. Веднаш била забележана способноста за развивање на надпросечна брзина согласно неговата класа. Летот во релација од Милан до Рим бил спроведен за само еден час и десет минути, летајќи со просечна брзина од околу 400 километри на час. Во 1935 година, авионот забележал нов рекорд. Тој извел лет од Рим до Италјанска Еритреја за само 12 часа. Имено, воздухопловот достигнал и неколку други рекорди, но при неговите различни летови, италјанските дизајнери забележале дека моторите на авионот не се доволно моќни за унапредување на неговите аеродинамички карактеристики. Во 1936 година, тие биле заменети со мотори „Алфа Ромео 123 РЦ 36“ кои пак биле лиценцирана варијанта на Британскиот мотор „Бристол Пегас“. Набргу, неговите аеродинамички карактеристики биле значително подобрени, што резултирало со неминовен интерес од Италјанското воено воздухопловство. Земајќи предвид дека во 30-тите години, Италија веќе вила длабоко вкоренета во фашистичкото владеење на Бенито Мусолини, благодарејќи на авторирарните и диктаторски принципи Италјанското воено воздухопловство наредило на компанијата „Савоја Маркети“ да изврши тестирање и евалуација за конверзија на авионот „СМ79“ од патничко-тркачки во воен бомбардер. Следејќи ги новите насоки, компанијата го произвела вториот прототип кој не се разликувал во воздухопловната конструкција од првиот прототип, освен отворање на три локации кои овозможуваат монтирање на одбранбени митралези и панорамска локација за нишанџијата односно операторот на бомби. Локацијата на еден митралез била над пилотската кабина, наменет за заштита на предниот дел на авионот. Локацијата на вториот митралез била под опашот на авионот, наменет за заштита и одбрана на бомбардерот од непријателски ловци при напад од позади, додека локацијата на третиот митралез била по избор во близина на вториот со иста функција како него. Како таква, новата воена варијанта на авионот „СМ79“ привлекла многу внимание од светските воено воздухопловни експерти. Таа се карактеризирала со скелет изграден од кружна испреплетени челични цевки кои бил покриен од дуралумински панели во носниот преден дел од централната воздушна конструкција и делумно дуралуминско-шперплочести панели, во горниот, грбен дел од воздушната конструкција. Сите останати делови биле покриени и поврзани со помош на платно вклучувајќи ги и крилата кои пак биле целосно изградени од дрво. Конструкцијата на крилата била изработена од дрвени ребра. Моторите „Алфа Ромео 126 РЦ 34“ биле способни да развијат по 780 коњски сили со помош на пропелери конструирани од три метални перки. Ваквата комбинација овозможувала воздухопловни карактеристики кои дури наликувале на тежок ловец а не бомбардер. Брзината на авионот била повеќе од задоволителна. Авионот развивал 430 километри на час на надморска висина од 4250 метри. Неговата крстаречка брзина изнесувала 373 километри на час на надморска висина од 5000 метри. Покрај одличната брзина, авионот „СМ79“ поседувал и одлични способности за слетување. Односно, тој можел да слета на писта долга само 200 метри, што претставувало огромна предност, земајќи предвид дека тоа претставувало прилично кратка писта за тогашните стандарди. Сите овие перформанси биле зачудувачки и придонеле значително кон успесите на Италјанскаите вооружени сили во раниот период на војната. Посадата на авионот била составена од шест членови. Еден пилот и еден копилот, лоцирани во пилотската кабина еден








| Главни карактеристики на „СМ79-III“ | |
|---|---|
| **Екипаж** | 6 |
| **Должина** | 16,2 метри |
| **Распон на крила** | 20,2 метри |
| **висина** | 4.1 метри |
| **Површина на крила** | 61.72 квадратни метри |
| **Мотор** | Три клипни мотори „Алфа 128 РЦ 18“ со по 9 воздушно ладени цилиндри. Еден мотор бил способен да развие 1000 коњски сили |
| **Максимална брзина** | 460 километри на час на висина од 3790 метри |
| **Опсег на оперативно летање** | 2600 километри |
| **Стапка на искачување** | 5.3 метри во 1 секунда |
| **Вооружување** | Еден митралез „Бреда САФАТ“ со калибар од 12.7 милиметри лоциран во носот на авионот, еден митралез „БРЕДА САФАТ“ со калибар од 12.7 милиметри лоциран во горниот дел заден дел од пилотската кабина насочен кон задна заштита, еден митралез „Бреда САФАТ“ со калибар од 12.7 милиметри, лоциран под централната воздупна конструкција, насочен кон задна заштита, и два митралези со калибар од 7.7 милиметри лоцирани на двете страни од централната воздушна конструкција на авионот, насочени кон странична заштита.<br>Едно торпедо со калибар од 450 милиметри, или максимална носивост од 1200 килограми на бомби. |

до друг, оператор на бомби, и тројца оператори на одбранбени митралези. Карактеристиките на авионот, на чело со одличната воздушна конструкција обезбедувале одлични заштитни мерки за посадата. При итно слетување на вода, конскtрукцијата односно малата тежина на аивонот овозможувало време од 30 минути за посадата на авионот да се евакуира пред авионот да потоне. Локацијата на неговиот трет мотор, кој бил во носниот дел на воздушната конструкција, претставувало огромна заштита од против авионски експлозивни проектили. Тој имал 10 одвоени резервоари за гориво, кои овозможувале максимална носивост на гориво од околу 3.5 тони, овозможувајќи лет оф 4 часа и 30 минути со просечна брзина од 360 километри на час. Развојот на авионот низ текот на војната исто така придонел кон поголем број на одбранбени митралези. Сите овие карактеристики на „СМ79“ придонеле овој модел на авион д биде еден од најдобрите бомбардери од средна класа во Втората светска војна.

**Варијанти**

Со многубројните и различни улоги на авионот, дизајнерскиот тим развил неколку варијанти за различна употреба со различни карактеристики.

**„Г4М23“, модел „22“**

Овој модел претставува основна варијанта, која во текот на производството забележала минимални промени од оргиналната замисла. Авионот понекогаш бил изграден и со поинакви испустни врати за бомбите и различни рамни стакла во носниот дел.

**„СМ79-I“**

Оваа варијанта се карактеризирала како прва од военосерискоto производство на воздухопловот. Таа била управувана од посада, составена од 4 или 5 члена, во зависност од мисијата и конфигурацијата на борбената опрема од митралези и бомби. Авионот имал максимален капаците на носивост од 1250 килограми на бомби.

**„СМ79-II“**

Оваа варијанта била модифицирана во торпедо-бомбардер. За таа цел биле направени неколку модификации на воздушната конструкција, од кои една била дополнителен оклоп за заштита на посадата.

**„СМ79-III“**

Оваа варијанта била подобрена верзија на стандарниот тип на торпедо-бомбардер. Авионот  бил придвижуван од мотори „АР-128“, кои развивале по 1000 коњски сили.

Димитар Даневски




# Оружјето на „Денот Д“

На 6 јуни се одбележуваат 80 години од најзначајниот настан од Втората светска војна, сојузничката инвазија на Нормандија, во Франција, која била најголемата амфибиска операција во Втората светска војна. Количината и разновидноста на оружјето во Нормандија биле восхитувачки но, сепак, интересно е да се фрли поглед на некои од поосновните оружја што ги користеле војниците на САД, Велика Британија, Канада и Германија

Планот за инвазијата од страна на сојузниците бил дрзок, одлично разработен, но и ризичен. Биле вклучени речиси 200.000 сојузнички војници, најголемиот дел од силите ги сочинувале Американци, Британци и Канаѓани, но имало и контингенти војници и од неколку други нации. Ги чекале околу 80.000 германски војници, кои иако првично биле изненадени, пружиле жесток отпор.

**Соединетите Американски Држави**
**Пушка „М1 Гаранд“**

Во 1937 година во САД започнало производството на полуавтоматската пушка „М1“, попозната како „Гаранд“, именувана по нејзиниот пронаоѓач, инженерот Џон Гаранд. Пушката „М1“ брзо се наметнала како „стандардно“ оружје на целата американска армија. И покрај нејзината тежина, војниците ја сакале, а прецизноста и издржливоста на пушката била истакнувана од генералите, како и од војниците. Пушката „М1“ не била елегантна, но била цврста и добро приспособена за масовно производство,со неа брзо се пукало, а за новите регрути било многу лесна да научат да ракуваат со неа.



Карактеристики:
Режим на оган: полуавтоматски
Калибар: .30-06 „спрингфилд“ (7,62х63мм)
Систем на полнење: метална рамка со 8 куршуми
Ефективен дострел: 457 m
Брзина на стрелба: 30 куршуми/мин.
Тежина: 4,9 kg
Должина: 1092 mm

**Карабин „М1А1“’**

За да се справат со германската стратегија на „Блицкриг“, американските вооружени сили одлучиле да ги опремат своите трупи со карабин што ќе работи во полуавтоматски режим. Неговата главна предност била тежината, дозволувајќи им на офицерите, на тенковските екипажи, на радиооператорите и на припадниците на други служби да имаат лесно и практично оружје, без да ги оптоварува во работата. Била дизајнирана и

верзијата „М1А1 карабин пара“, за опремување на воздушните трупи и затоа карабинот бил опремен со склопувачки метален кундак. Двете верзии на карабинот „М1“ забележале значителна употреба во Нормандија.



Карактеристики:
Режим на оган: полуавтоматски
Калибар: .30 (7,62x33 mm)
Систем на полнење: рамка за муниција со 15 или 30 куршуми
Ефективен/ максимален дострел: 270 m/2.010 m
Брзина на стрелба: 30 куршуми/мин.
Тежина: 2,36 kg
Должина: 904 mm

**Автомат „Томпсон М1А1“**
Првиот прототип, дизајниран од американскиот инженер Џон Т. Томпсон, бил произведен во 1920 година и неговото производство во индустриски размери започнува на крајот на истата година. Најпрвин автоматот бил игнориран од армијата, која не била убедена во неговите способности, но автоматот „Томпсон“, сепак бил нарачан во текот на 1940 година од армијата и американските маринци. Автоматот Томпсон бил извонредно оружје, но не бил евтин за производство ниту лесен за држење.



Карактеристики:
Режим на оган: автоматски/ полуавтоматски
Калибар: .45 АЦП (11,43x23 mm)
Систем за полнење: рамка/барабан со 20/30 куршуми
Ефективен дострел: 150 m
Брзина на стрелба: 700 куршуми/мин
Тежина: 4,78 kg
Должина: 813 mm

**Автомат „М3А1“**
ААвтоматот „М3“ стапил во служба кон крајот на 1942 година. Тој бил произведен од пресувани челични делови и се покажало дека е многу полесен за производство од автоматот „Томпсон“ и со пониска производна цена. Помеѓу декември 1942 и 1944 година, кога се користел моделот „М3“, биле забележани бројни недостатоци, кои биле поправени во следната верзија, наречена „М3А1“, произведена во 1944 година. Опремен со кундак на извлекување, со „просечна“ тежина и релативно ниска брзина на стрелба, овој автомат бил поприфатлив од другите американски автомати.



Карактеристики:
Режим на оган: автоматски
Калибар: 11,43x23 mm
Систем на полнење: рамка со 30 куршуми
Ефективен дострел: 150 m
Брзина на стрелба: 350-450 куршуми/ мин
Тежина: 3,7 kg
Должина: 757 mm

**Пушкомитралез „М1918А1 Браунинг“**
Пушкомитралезот „М1918А1 Браунинг“ бил дизајниран во 1917 година од инженерот Џон Браунинг. Моделот „М1918А1“, бил користен за првпат од американски војници на крајот на Првата светска војна, а служел и за време на Втората светска војна. Во 1940 година, бил создаден нов модел, наречен „М1918А2“, со отстранливи ногарки и два различни режими на стрелба. Пушкомитралезот им овозможил на водовите на американските сили да имаат голема огнена моќ, но, главен недостаток бил што неговата рамка за муниција содржела само 20 куршуми кои стрелецот, додека го влечел чкрапалото, ја испразнувал за помалку од четири секунди.

Карактеристики:
Режим на оган: автоматски
Калибар: .30-06 спрингфилд (7,62x63мм)
Систем за полнење: рамка со 20 куршуми
Ефективен дострел: 550 m
Брзина на стрелба: бавна: 300-450 куршуми/мин, брза: 500-650 куршуми/ мин
Тежина: 8,33 kg
Должина: 1194 mm

**Велика Британија и Канада**
**Пушка„ Ли Енфилд Марк 1 бр. 4“**
Пушката „Ли Енфилд Марк 1 бр. 4“ била воведена во британската армија како стандардно оружје во 1941 година. Создадена во 1895 година од инженерот Ј. П. Ли, пушката „Марк 1“ била еден од потомците на пушката „број 1 Ли Енфилд“, воведена во 1906 година и била основна пушка на британската армија за време на Првата светска војна. Пушката „Марк 1 бр. 4“ била репетирка која била користена и како прецизна пушка од снајперисти од Комонвелтот. Таа била практична пушка со мошне висока брзина на стрелба, супериорна во однос на повеќето пушки.



Карактеристики:
Режим на оган: репетирка
Калибар: .303
Систем за полнење: рамка од 5 куршуми (капацитет 10 куршуми)
Ефективен/максимален дострел: 503 m/2.743 m
Брзина на стрелба: 15 куршуми/мин.
Тежина: 4,11 kg
Должина: 1129 mm

**Автомат „Стен Марк II“**
На боиштата во 1940 година, британските војници биле хендикепирани поради недостатокот на автомати во нивните вооружени сили, бидејќи располагале само со многу мало количество на американските автомати „Томпсон“. Новиот автомат, наречен „Стен“, кој во голема мерка бил инспириран од одличниот германски



автомат „МП38/40“, за првпат се употребил во Диеп, во август 1942 година, од страна на канадските војници. Неговата мала големина му овозможила да влезе во британските падобрански трупи, особено за време на операциите во Нормандија.

Карактеристики:
Режим на оган: автоматски
Калибар: 9x19mm Парабелум
Систем на полнење: рамка со 32 куршума
Ефективен дострел: 145 m
Брзина на стрелба: 550 куршуми/мин.
Тежина: 3,26 kg
Должина: 756 mm

**Пушкомитралез„ Брен“**
Како што тензиите во Европа станувале сè поважни на политичката сцена, Британците сакале да имаат нов пушкомитралез за модерна поддршка на својата пешадија од 1937 година. Студиите за создавање на оружјето започнале истата година и првиот прототип на пушкомитралезот „Брен Мк I“ бил произведен на крајот на 1937 година. Пушкомитралезот „Брен“ бил еден од најдобрите во својата класа, лесно се инсталирал на повеќето возила што ги користила британската армија и им нудел голема огнена моќ на своите корисници.

Карактеристики:
Режим на оган: автоматски
Калибар: .303 британски (7,7 мм)
Систем за полнење: рамка со 30 куршуми
Ефективен/Максимален дострел: 550 m/1.700 m
Брзина на стрелба: 500 куршуми/мин.
Тежина: 9,96 kg
Должина: 1150 mm

**Германија**
**Карабин „98к Маузер“**
Пушката „К98к“ била создадена во 1898 година од германскиот инженер Пол Маузер и таа веднаш го привлекла вниманието на многу нации кои го купувале ова оружје за своите армии. Фабриките „Маузер“ во 1935 година развиле нова пократка верзија на пушката, наречена „К98к“. Таа можела да биде модифицирана за да служи и како прецизно оружје, со додавање на оптички нишан на пушката. Исто така, било можно да се трансформира и како фрлачка на гранати. Пушката „Маузер KAR 98к“ била најчесто единствената пушка на војниците за време на Втората светска војна.

Карактеристики:
Режим на оган: репетирка
Калибар: 7,92x57mm Маузер
Систем на полнење: рамка со 5 куршуми
Ефективен/Максимален дострел: 400 m/4000 m
Брзина на стрелба: 15 куршуми/мин.
Тежина: 3,92 kg
Должина: 1101 mm

**Автомат „МП 40 Шмајсер“**
Во 1938 година, германската армија добила нов автомат, наречен „МП 38“, кој бил опремен со метален кундак на преклопување. Бил наменет за падобранците и екипажите на тенковите и војниците на задninнските единици. Но, охрабрувачките перформанси на оружјето му овозможиле и опремување на германската пешадија воопшто. Во 1940 година, германските инженери одлучиле да развијат нов модел, кој веднаш станал познат како „МП 40“ или колоквијално како „Шмајсер“.

Карактеристики:
Режим на оган: автоматски
Калибар: 9x19mm парабелум
Систем за полнење: рамка со 32 куршума
Ефективен дострел: 150 m
Брзина на стрелба: 450 куршуми/мин.
Тежина: 3,97 kg
Должина: 830 mm

**Митралез „МГ 42“**
Создаден во 1942 година (оттука и неговото име) од германската фирма „Johannes Grossfuss AG“, овој митралез бил наследник на митралезот „МГ 34“. „МГ 42“ имал најголема брзина на стрелба од сите митралези од Втората светска војна со 1.800 куршуми/мин. за некои верзии. Подобрената верзија на „МГ 42“, „МГ 42В“, за првпат била употребена за време на битката кај Нормандија на 6 јуни 1944 година. Неговата тежина била намалена на само 9 килограми. „МГ 42“, специјалистите го сметаат за најдобар тежок митралез во Втората светска војна, па дури и на сите времиња.



Карактеристики:
Режим на оган: автоматски
Калибар: 7,92x57mm маузер
Систем за полнење: реденик со 50 или 250 куршуми
Максимален дострел: 4.700 m
Брзина на стрелба: 1.200 куршуми/мин. (до 1.800 куршуми/мин. за некои верзии)
Тежина: 11,57 kg
Должина на цевката: 533 mm
Вкупна должина: 1225 mm

Александар Стојчевски





# Модернизирана самоодна хаубица „Арчер“ (ARCHER FH77 BW L52 155мм)

Проектот „Арчер“ е интернационален проект кој имал цел да развие самоодна хаубица од 155 мм, која по сите перформанси ќе биде хаубица на новата генерација самоодни хаубици во светски рамки. Како проект „Арчер“ своите почетоци ги има во 1995 година и бил наменет за потребите на армиите на Шведска и Норвешка. Во таа насока, „БАЕ системс бофорс“ во Карлског, Шведска, проектирале самоодна хаубица „FH77 BW L52“, 155 мм, на шасија 6x6. Хаубицата има дострел од 35 до 40 километри, со користење на стандардна муниција и 50 километри со „М982 екскалибур“. Хаубицата, исто така, може да користи и бонус-муниција, развиена од страна на „Bofors“ и „Giat“ (сега „Nexter“). Самоодната хаубица е целосно автономна и може да се користи за огнена поддршка при традиционално војување (класични воени дејства), како и во современите меѓународни мировни операции, во делот на спроведување и поддршка на мирот.

„Арчер“ (стрелец) е името на целосниот систем 77BW L52 самоодна хаубица, дополнителна муниција и возила за поддршка (возило со муниција за пополнување, снабдување на самоодната хаубица со проектили)

**Развој на самоодната хаубица „Арчер“**

Во 2003 година на „Försvarets Materielverk“ (FMV), шведската Агенција за развој на одбраната доделува договор од „Bofors“ (сега „BAE Systems Bofors“) за производство на две самоодни хаубици. Прототипот на самоодни хаубици „FH77 BW L52“ го означува почетокот на процесот на испитувања во Шведска во 2005 и 2006 година.

Во септември 2006 година, „FMV“ потпиша договор за детален дизајн на „Арчер“, а во јануари 2007 година, договор за следната фаза на развој. Шведската армија имаше потреба од 24 системи (два баталјони), а конечниот развој и набавка на системите „Арчер“,

шведската Влада го одобри во септември 2014 година.
Во ноември 2008 година Шведска и Норвешка потпишаа договор за соработка и развој на Арчер-систем, а во јануари 2009 година „БАЕ системс“ потпишаа договор за нивна дистрибуција. Конечниот прототип беше направен во јули 2009 година, проследен со договор за 48 системи – 24 за Шведска и 24 за Норвешка. Прототиповите беа завршени во 2010 година и Арчер-системите влегуваат во оперативна употреба во мај 2012 година.
Системите „Арчер“ се развиени од претходната влечна хаубица 155 мм „FH77 L39“, од кои повеќе од 700 се во служба во шведските, нигериските и индиските воени сили.

**Податоци за моторниот дел на системот „Арчер“**

Платформата на системите „Арчер“ е модифицирано возило на „Volvo A30D“ 6x6, наменето за сите теренски услови. Кабината на возилото и моторот се целосно оклопни. Кабината е со блиндирани прозорци и е отпорна на куршуми и фрагменти од гранати. Кабината е дизајнирана за четири лица, но хаубицата може да се опслужува со три или четири членови на послугата. Воедно, конструкцискиот дел на кабината е дизајниран да има врата за секоја страна и кружен отвор на покривот.
Модернизираниот „Арчер“ е монтиран на моторно возило 8x8 „RMMV“, што значително ја зголемува маневрабилноста и проодноста во разни временски и теренски услови.

**Вооружувањето на системот „Арчер“**

Главното оружје е топ 155 мм, со должина на цевката од 52 калибри. Оружјето е со веќе докажан дизајн од тековната генерација на влечната хаубица „FH 77B“. Хаубицата е опремена со опрема за избор на целта како слика или веќе воспоставена одредена цел, со можности за директен оган. Хаубицата е опремена со радар, систем за контрола на огнот и систем за позиционирање на цел. Податоците од радарот се пренесуваат директно до компјутерскиот дел на системот за контрола на огнот. Како и да е, „Арчер“ може да користи и други системи за контрола на оружјето кои се нудат на пазарот.
Одделниот систем за блиска одбрана е опремен со митралез 7,62 мм за дневно и ноќно нишанење и истиот се наоѓа на кровот од кабината. Жироскопскиот стабилизатор, заштитата од парчиња од гранати (гелери), електрооптичките елементи и системите за контрола на огнот се од групацијата на „Лемур“ и истите овозможуваат дејство надвор од кабината или од внатрешноста на кабината.
Според достапните информации од февруари 2011 година, местото на групацијата „Лемур“ го презема „Сажем“ (Sagem). На модернизираната верзија 8x8, дополнително може да се интегрираат и 40 мм фрлачи на гранати, како и митралез 12,7 мм.

**Заштита и видови на муниција**

Системот за далечинска контрола на оружјето е поставен во просторот во кабината над екипажот.
Возилото носи 21 проектил со целосен автоматизиран процес на полнење и дополнителни 21 резервни проектили. Оваа хаубица ги користите НАТО модуларните полнења или Bofors Uniflex 2-модуларни полнења.
Со муницијата на „BAE Bofors / Nexter Bonus“, дострелот на хаубицата е 35-40 km, а со употреба на муницијата „Raytheon/Bofors XM982 Excalibur“,дострелот достигнува 50 километри. Муницијата „Excalibur“ е со веќе претходно програмирана траекторија на лет, односно со веќе зададена и програмирана цел.

**ТТ-карактеристики**

Хаубицата „Арчер“ е високомобилен систем, опслужуван од три или од четиричлен екипаж (послуга) од заштитена кабина. Кабината овозможува заштита од 7.62 mm муниција, панцирна муниција, мини до 6 kg (level 2 STANAG 4569) и НХБ-заштита. НХБ-заштитата на системот е на принцип на создавање на притисок во кабината на возилото, со што се спречува навлегување на атмосферскиот воздух од надворешната средина.
Има можност за транспорт со железница и по воздушен пат со воздухоплов „A400M“.
Стабилизаторите се наоѓаат на задниот дел од хаубицата и се со автоматски систем на управување.
Времето од маршевска положба до позиција „подготвен за оган“ и обратно е 20 секунди.
„Арчер“ може да истрела 54 проектили за 35 минути, 21 проектил за 3.5 минути и 3 проектили за 20 секунди.
Успешно дејство со непосреден оган остварува на далечини до 2,000 m. Комбинацијата на прецизност, мобилност и интензивен режим на оган е еден од клучните тактички елементи за огнена поддршка за време на изведувањето на операции со големо темпо и интензитет.

Славчо Кузманоски

**ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „АРЧЕР“ (ARCHER) 155 мм**

| | Основна верзија | Модернизирана верзија |
|---|---|---|
| Калибар на цевката | 155 mm | 155 mm |
| Дострел | 35-40 km (стандардна муниција)<br>50 км (со „M982 екскалибур“) | 35-40 km (стандардна муниција)<br>50 км (со „M982 екскалибур“) |
| Тежина | 33000 kg | 38000 kg |
| Должина | 13,1 m | 13,1 m |
| Ширина | 3 m | 3 m |
| Висина | 3,4 m | 3,4 m |
| Послуга | 3-4 | 3 |
| Клиренс | 0,4 m | 0,4 m |
| Хоризонтално поле на дејство | +/- 85 степени | +/- 85 степени |
| Вертикално поле на дејство | од - 1 степен до +70 степени | од - 1 степен до +70 степени |
| Режим на стрелба | 8 проектили за една минута | 8 проектили за една минута |
| Радиус на движење | 650 km | 800 km |
| Совладува стрмнини | 30 степени | 30 степени |
| Капацитет на резервоар | 400 литри | 400 литри |
| Вертикални пречки | 0,75 m | 1 m |
| Брзина на движење на добри патишта | до 90 km/h | до 90 km/h |
| Брзина на движење на земјени патишта – теренски услови | до 50 km/h | до 50 km/h |
| м/в | „Volvo“, дизел со 250 kW и 340 hp (к/с) | RMMV, дизел со 324 kW и 440 hp (к/с) |




# Планер „Врабец“ (Vrabac)

Додека масовната употреба на планерот-лизгач од типот „Цеглинг“ ги докажувал своите летачки резултати ширум светот, словенечкиот конструктор, инженерот Иван Иво Шоштариќ, дошол до оригинална идеја за сопствена конструкција на нов планер којштo ќе одговара на потребите на едриличарскиот развој во тогашната Кралска Југославија

Инженерот Шоштариќ, при изработката на новиот планер, како за пример го зел тогашниот популарен „Цеглинг“ и забележал одредени конструктивни недостатоци. Имено, при неговото користење поголеми проблеми создавала централната пирамида, којашто била додадена на горниот дел на трупот и на неа биле истегнати сајлите за зацврстување на крилото. На место тоа, во своите проекти тој се определил за сопствено конструктивно решение со коешто зацврстувањето на крилата ќе се реализира со додавање по две коси дрвени потпори, од левата и десната страна на крилото. Тие би биле монтажно прицврстени на двете страни од трупот на планерот. За многумина, првично, оваа идеја не била прифатлива поради можноста тие и такви цврсти – крти потпори лесно да се оштетуваат, односно кршат, поради честите груби слетувања и удари при допир со земја. Сепак, Шоштариќ останал цврсто зад сопственото проектираното решение. Во почетокот на 1939 г., како самоизградба, тој го направил и првиот прототип на замислениот планер. Го „крстил“ со името Врабец (оригин.Vrabac). Резултатите од неговото користење биле поголеми од очекуваните. Според тој проект и врз основа на покажаните резултати, истата година била изработена серија од 15 планери од овој тип. При неговата непосредна практична употреба, посебно при основните едриличарски пилотски обуки, во пракса, се покажала и оправданоста за поставените и фиксирани дрвени потпори на двете страни на крилата. Тие, во случај на оштетување, можеле многу брзо да се заменат со нови, односно резервни. Замената се правела на самото место на настанот, а тоа овозможувало и непречено продолжување со тековните летачки активности, односно обуки. Оттука, планерот „Врабец“ нашол широка примена и голема распространетост ширум целата тогашна кралска држава, а почнал да се произведува и во фабриките „Летов“ од Словенија и „Утва“ во Србија. Кон крајот на 1939 г., два примероци од овој планер-лизгач биле донесени и во Скопје, како град и место во коешто воздухопловното едриличарство чекорело со брзи и големи чекори напред. Нивното присуство придонело и за зголемување на интересот на младината за овој вид летање, не само во Скопје, туку и на целиот овдешен регион. Во таа насока, со овие два планера уште повеќе се омасовила и забрзала обуката на нови едриличари. Се зголемувала и желбата кај поискусните членови за освојување на толку значајните едриличарски значки. Според сеќавањата на тие првенци – едриличари, споменати уште на почетокот на овој историски развој, била вистинска гордост да се стави таквата значка на реверот од своето палто и со неа да се прошета низ скопските улици. Инаку, конструкцијата и составот на планерот Врабец не се разликувал многу од претходно изградените планери од тоа време. И тој бил составен од решетест труп завршен со конструкција на




Планер „VRABAC“

цртеж: Ѓ. Чачкиров

надграден вертикален стабилизатор, едно крило и хоризонтален стабилизатор. Носечката конструкција на трупот била оформена со две главни дрвени греди, меѓусебно поврзани со вертикални и коси составни елементи, исто така од дрвен материјал. Меѓусебните составни на тие дрвени елементи биле изведувани со лепење со „туткално“ лепило и со дополнително прицврстување со триаголни дрвени лепенки, изработени од шпер-плочи. И долниот преден дел на трупот бил, исто така, со дополнително зацврстување со полно дрво. Под него била поставена полетно – слетна ламелирана дрвана „скија“. Меѓу нив биле поставени амортизери од тврда гума. Над ваквиот преден дел на трупот било вградено импровизирано дрвено пилотско седиште, вертикална управувачка палка, како и систем од ремени за врзување на пилотот. Седиштето и системот на врзување биле силно прицврстени за главната вертикална носечка греда. Сосема на предниот дел од трупот била поставена пречка во улога на управувачки ножни команди. Таквата подвижна пречка, преку две независни челични сајли, била поврзана со подвижниот дел на вертикалниот стабилизатор - кормилото. Со ваквата конструкција јасно е видливо дека и овој планер немал оформена или импровизирана затворена пилотска кабина. Едноставно, за време на летот, пилотот бил сосема на „отворено“. На горната надолжна носечка дрвена греда на трупот било „налегнато“ крилото коешто, во исто така, било потпрено и на централната вертикална потпорна, односно главната носечка греда. Самото крило имало правоаголна форма со закосени завршетоци на крилцата, т.н. елерони. Конструктивно било градено од дрвен материјал со полн преден – нападен раб, две дрвени носечки раменици и дрвен излезен раб. Овие три конструктивни елементи биле поврзани со дрвени ребра коишто го формирале аеропрофилот на крилото.
Самиот аеропрофил (напречен пресек на крилото) имал рамна долна страна и испапчена горна страна. Целата крилна конструкција била обвиткана со импрегниран текстил - платно. Како што беше споменато, долните две страни на крилото биле потпрени со два чифта дрвени потпори на двете страни од долниот дел на трупот.Хоризонталниот и вертикалниот стабилизатор биле составени од подвижен и неподвижен дел, конструктивно изградени од дрвени гредички и обвиткани со платно. Подвижните површини на стабилизаторите биле поврзани преку плетени челични сајли со пилотската управувачка палка и ножните команди. Според постоечките документи и фотографии, постоеле два типа на овој планер, „Врабец“ тип „А“ и тип „Б“, коишто немале големи меѓусебни разлики. Според димензиите тие биле исти, а нивната меѓусебна разлика била во изведбата на потпорите на крилните половини.Основните димензии на планерот „Врабец“ биле, исто така, во рамките на димензиите на тогашните европски планери. Должината на трупот изнесувала 6,05 м, а распонот на крилото изнесувал 10 м, со вкупна површина од 15,00 м2. Височината на хоризонтално поставен планер, измерена кај вертикалниот стабилизатор, изнесувала 2,15 м.
Ова е уште еден планер лизгач запишан во мојот аеродневник, но и врежан во меморијата на многу, до скоро живи македонски едриличари. Тие со овој планер ги доживеале своите први скокови во воздух, но и своите подоцнежни рекорди и освоени значки.

Ѓорги Чачкиров






# Кралскиот тенковски музеј во Јордан

Кралскиот тенковски музеј на Јордан е модерна градба со примеси и дизајн кој влече корени од минатото, поставен на површина од повеќе од 20 000 м² лоциран во Аман - главниот град на Јордан

Досегашното искуството покажува дека, во повеќето случаи, кога станува збор за кралски музеи, тие најчесто се со големи пропорции, беспрекорно изработени и проследени со голем број на ретки експонати. Тоа е случај и со кралскиот тенковски музеј во Јордан. Инагурацијата на музејот е реализирана од страна на кралот Абдулах Втори од Јордан на 29 јануари 2018 година, а самата градба на музејот траела 10 години.

Музејот на посетителите им нуди околу 150 различни експонати. Самиот музеј е поделен во тринаесет изложбени сегменти и на една мала надворешна поставка. Прошетката низ музејот започнува веднаш по самиот влез каде што има мал дел посветен на почетоците на оклопните возила и тенковите, кои се прикажани преку примерокот на оклопен коњаник, реплика на тенкот, дизајниран од Леонардо да Винчи, што претставува крајна компарација до каде е стигната денешната техника прикажан е тенкот „Challenger 1“. Во повеќето оклопни музеи, неизбежен сегмент е делот посветен на Првата светска војна и на првите тенкови. Оваа поставка во овој музеј е наполнета и со сегменти од Арапската револуција. Колекцијата во оваа поставка ги содржи следните возила: оклопна кола на „Rolls-Royce“ и британскиот тенкот „Mark 1 Male“. Следува халата посветена на Втората светска војна, која е далеку поголема според просторот и според бројот на експонати. Колекцијата е комбинација на различни тенкови од различни држави: Русија, САД, Германија, Франција, Полска, Јапонија и други земји. Некои од возилата во колекцијата се: „NZ LRDG Chevie“, „Panzer III“, „Panther“, „Valentine SU 152“, „Jagdpanther“, „Flak 36 (88mm)“, „Pz 38 Hetzer“, „Matilda I“ и други.

Во следната хала, која е посветена на Арапската легија, доминантни се оклопните возила од канадско и



од британско потекло. Оваа хала го опишува растот на Арапската легија како претходница на Јорданските вооружени сили. Возилата кои се изложени во овој дел се: „Marmon Herrington“, повеќе верзии, „Willys Jeep“, „T16 Canadian Built Bren Carrier“, „Sherman V“ и др. Наредната хала е посветена на 15-часовната битка кај Карамех помеѓу израелските сили од една страна и здружените палестински и јордански сили. Изложените возила се претставени низ една голема диорама која ја покрива целата хала, и низ халата поминува патека за посетителите. Возила кои се претставени во овој дел се: „M47 и M48 Patton“, „Willys 106 RCL“, „25 Lb field gun“, „M42 Duster“, „Centurion“ и други. Називот на следната хала во овој музеј е Арапско-израелските битки. Во овој дел изложена е комбинација на лесни оклопни возила, транспортери и тенкови како „F601 Alvis Saladin“, „AMX-13“, самоодна хаубица 155 мм „M44“, „Т-55“, „Т-62“, „БРДМ-2“, „M-60A1“, „M113“ и други. Во централниот дел на музејот, веднаш после штандот за продажба на билети и првата компаративна поставка, е прикажан делот во кој се изложени дел од средствата што ги користел кралот Абдулах за време на својата воена служба. Во овој дел се изложени: тенкот „Chieftain-Khalid “, хеликоптерот „Bell AH-1 Cobra“, како и лесното возило „Land Rover“.
Музејските поставки продолжуваат со напречен пресек на еден тенк „M-48 Patton“. За посетителите се нуди можност да влезат и да го согледаат начинот на функционирање и на работа на овие „челични ѕверови“ преку напречните пресеци на неколку тенкови. Доколку посетителите сакаат да го почувствуваат тесниот простор во кој работат тенковските посади во некоку ескпонати (три), тие може да влезат. Својата колекција музејот постојано ја надградува со дополнување или размена на експонати со останатите светски музеи. Најголемата хала во овој музеј е наречена интернацонална хала и во истата се изложни возила од различни делови на светот. Во ова хала се изложени „BMP -1“, „BT-76“, „T-34“, „T-54“, „T-64“, „T-72“, „M22 Locust“, „M41“, „M36“, „M50 Ontos“, „Chieftain“, „Conqueror“, „Comet“ и други. Последната хала е посветена на развојниот центар за оклопни возила на Јордан каде што се прикажани лесните оклопни возила „Genie“, „Horse“, „Stallion“ , „Desert Iris“, „Lynx“ и други возила.
Секое лето музејот организира „Ден за демонстрација“, кога дел од тенковите од составот на музејот на патеката, која е во склоп на музејот, ги демонстрираат можностите на тенковите и транспортерите. Карактеристична понуда што ја нуди музејот е тоа што своите експонати, кои се во исправна и возна состојба, како и други реквизити, ги нудат за потребите на домашната и странската филмска индустрија. За младите посетители и за љубителите на електронските игри, во самиот музеј е поставен посебен сегмент посветен на играта „World of tanks”, каде може без парична надохнада да играат на лиценцирана верзија од играта. Самата посета на музејот, во зависност од интересот на посетителите, може да трае од минимум 45 минути до три часа. Во својата понуда музејот нуди и посета со или без кустос. Продавницата, која се наоѓа во музејот, нуди најразлични артикли за купување при посетата, како што се: примероци на тактичка опрема, играчки, сувенири, меморабилија и така натаму. Работното време на музејот е од 10.00 до 18.00 часот секој ден, со исклучок на вторник. Билетите за влез се продаваат до 17.00 часот. Цената на влезниците за возрасен посетител од државата изнесува 2,5€, додека за посетителите од странство влезницата изнесува 5€. За припадниците на безбедносните сили на Јордан и за деца под 12 години, влезот е бесплатен.

Златко Блажески







# Комуникацијата како клучен фактор за успех

Добрата комуникација е клуч за успех во животот и во работата. Комуникацијата е главен фактор за успех или неуспех. Сите политичари, научници, јавни личности, треба да поседуваат вештини и способности за комуникација со луѓето, бидејќи комуникацијата е активност која влијае на луѓето. Но, вештината за комуникација не е вродена. Комуникациските вештини се стекнуваат со образование и со искуство, но и со решителност во постапувањето. Кога комуникациските вештини ќе се подигнат на повисоко ниво, тогаш успехот е неизбежен, а идеите и плановите се реализираат побрзо.

Можеме да потенцираме дека комуникацијата е процес кој се одвива помеѓу две или повеќе лица, институции, организации, таа е канал за пренесување и мора да биде сфатена од примателите. Комуникацијата е витален дел од планирањето, организирањето, грижата за луѓето, ресурсите, ракувањето и контролирањето. За комуникацијата да биде на високо ниво потребно е постојано да се усовршува. Во ова турбулентно време, во услови на економска криза, потребно е постојано да се работи на усовршување и унапредување на комуникацијата за

> Комуникацијата е процес кој се одвива помеѓу две или повеќе лица, институци или организации. Комуникацијата е канал за пренос, кој мора да биде разбран од примателите. Затоа комуникацијата е клучниот дел од планирањето, организирањето, грижата за луѓето, ресурсите, ракувањето и контролирањето

да се постигне успех, што значи дека комуникацијата е клучниот фактор во дејствувањето. „Комуникацијата, односно контактот, односот меѓу луѓето“, како што велат Петковски и Андоновиќ, е пренос или размена на некоја содржина. Поимот е повеќедимензионален и во суштина значи размена на информации преку заеднички симболи  и системи. Комуникацијата е термин кој се користи за објаснување на социјалната интеракција. Кога луѓето споделуваат и разменуваат информации, мислења, тогаш тие комуницираат. Затоа се вели дека комуникацијата не е еднонасочна улица. Таа е „двонасочен автопат со повратна информација што постојано тече од едната до другата страна“. Преку комуникацијата луѓето ги пренесуваат сопствените мислења и различните ставови и затоа различните модели на комуникација помагаат да се надминат недоразбирањата и да се дојде до вистинската цел за да се постигне успех. Сите видови комуникација на луѓето во одредено време, простор и во одредено општество, ја сочинува социјалната комуникациска мрежа во која има формализирани и неформализирани сегменти.

Во 21 век  комуникацијата е многу важна, бидејќи е фактор за интеграција на човекот во општеството и придонесува за колективно дејствување, односно разбирањето во општеството.

Затоа е многу важно луѓето да ја разбираат комуникацијата,  да бидат свесни за нејзината важност и при комуникацијата да се одвива паралелен процес на свесност. Основата на комуникацијата е информацијата, што значи дека информацијата не може да постои надвор од комуникацијата, а комуникацијата не може да се реализира без информации. Комуникацијата може да биде вербална

и невербална, односно експлицитна (отворено видлива) и имплицитна (скриена), која не е многу видлива и јасна и која се пренесува вербално или преку невербална комуникација. Тоа подразбира израз на лицето, движење и положба на телото, просторна близина и допир, надворешен изглед, вокален израз, интерпретација, конфронтација и така натаму. Актери во комуникацијата се комуникаторот (индивидуално – група), кој создава и обликува информации и ги испраќа, и примачот (поединец или публика), кој ги троши информациите во комуникацијата. Комуникацијата се одвива на различни нивоа и начини. Постојат седум нивоа на комуникација, а тоа се интраперсонална комуникација, интерперсонална комуникација, групна комуникација, организациска комуникација, јавна, реторичка комуникација, масовна и интеркултурна комуникација.
За комуникацијата да биде успешна, потребно е да се придржуваме на неколку принципи бидејќи, во суштина, комуникацијата е менаџерска вештина и ја претставува способноста на менаџерот да успее и затоа менаџерите треба да научат да комуницираат најдобро што можат. Потребно е да постои добра дефинираност, знаење и употреба на симболи, термини, јазични изрази и поседување соодветни комуникациски вештини. Комуникаторот треба да демонстрира познавање на комуникацијата, лидерство, мотивација, познавање на односите меѓу луѓето и институциите, треба да се покаже лидерство во комуникацијата со луѓето за да можат да следат и да постигнат успех. Она што е најважно при комуникацијата е да постојат информации, способност за размислување, анализа, познавање на финансии, донесување одлуки, интегритет и други вештини. Доколку не се поседуваат дел од овие принципи, особено во сегашното брзо општество, тогаш ќе се појават пречки во комуникацијата. Затоа комуникацијата треба да се подобрува, преку стекнување на нови знаења, следење на нови случувања, посета на семинари или едукативни работилници. Колку е понапреден процесот на комуникација, толку е поважен во искористувањето и обликувањето на човечкиот потенцијал, а сето тоа води до зголемена ефикасност. Успешната примена на наученото, перцепцијата на ситуациите, разбирањето на другите во одредени моменти, лидерството во акција и одличната комуникација, придонесуваат за подобрување во делувањето. Добрата комуникација и однесувањето се различни во секоја средина но, без разлика на ова, секогаш и секаде придонесуваат за подобар успех.

м-р Каролина Мицевска



# Народен херој Васко Карангелевски

Васко Карангелески е роден во село Брусник, Битолско, на 7 јули 1921 година, а починал на 3 февруари 1977 година. Тој е македонски комунист, првоборец и генерал-полковник на ЈНА, Васко Карангелевски е прогласен за народен херој на Југославија од Македонија.
Васко Карангелевски потекнува од печалбарско семејство. Мајка му работела по туѓи ниви, а тој уште како млад бил земјоделски работник и чувал туѓ добиток. После бомбардирањето на Белград, Васко се вклучил кон новоформираната младинска група во селото.
Во војната учествувал од 1941 година, кога се вклучил во партизански одред. Бил член на СКОЈ од 1941 година и член на КПМ,од 1943 година. Заедно со одредот, Васко Карангелевски се движел по планините: Пелистер, Баба и Вич. Набрзо станал командир на чета, а потоа и командант на баталјон, заменик-командант на бригада, командант на бригада и командант на дивизија. Во текот на декември 1943 година, кога Германците подготвувале офанзива против бригадата, Васко Карангелевски учествувал во борба „гради в гради“. Резултатот од таа борба бил: педесет убиени Германци, четириесет и двајца заробени, осумдесет пушки, десет полуавтоматски пушки, два митралези, два минофрлачи, десетина илјади куршуми и стотина мини. Со баталјонот „Стив Наумов“ учествувал во Февруарскиот поход.. Кога била формирана Третата македонска ударна бригада, Карангелевски бил назначен за командант на баталјон. Со овој баталјон Карангелевски учествувал во многу борби: кај Ново Село, кај Пробиштип, во офанзивата на Герман Планина, на Плачковица и на Огражден
За народен херој бил прогласен на 29 ноември 1953 година.
По ослободувањето дипломирал на Воената академија „Ворошилов“ во СССР, на ВВА и на Курсот за оператика на ЈНА. Бил командант на дивизија, началник на штаб на корпус и на подрачје, началник на штаб на армиска област и командант на армија. Бил член на ЦК на КПЈ. Загинал во несреќен случај, за време на лов, на терените на планината Караџица кај Македонски Брод.
Во негова чест се наречени една улица во Општина Битола и една во Општина Аеродром во Скопје.
Името на Васко Карангелевски е запишано со златни букви во македонската историја, а тој претставува светол патоказ за сегашните и идните генерации Македонци.

Антоанела Димитриевска



# Атентати: Од Цезар до Фиц

Од првиот политички атентат во нашата цивилизација, извршен врз римскиот император Јулије Цезар, до неодамнешниот на словачкиот премиер Роберт Фиц, извршени се над стотина убиства на големи државници, а само десетината од нив имале влијание врз глобалните и радикалните пресврти. Убиствата на американските претседатели, Абрахам Линколн и Џон Кенеди и на индискиот водач Махатма Ганди, претставуваат митски белези во обидот на поединецот – човештвото да го сврти во негова корист

„Дојди Роби, дојди“, викнал Јурај Цинтула од толпата граѓани насобрани на плоштадот во словачкиот град Хандлови, поздравувајќи го популарниот премиер Роберт Фиц. Сметајќи дека повикот доаѓа од некој од неговите симпатизери, Фиц со раширени раце тргнал во правецот на човекот кој, наместо поздрав, во премиерот испукал пет куршуми. Неколку мигови потоа атентаторот бил совладан и уапсен, а пет минути подоцна, светот дозна дека станува збор за еден од најпознатите писатели во Словачка. За апсурдот да биде поголем, Цинтула изјавил дека се гордее на чинот што го сторил, правдајќи се дека тој чин е негов придонес за поголема демократија во неговата земја. Додека го пишувам ова, од Банска Бистрица, во чија болница веднаш бил опериран словачкиот премиер, пристигна вест дека Фиц е надвор од животна опасност. Таква среќа, во мошне слични околности, немал американскиот претседател Абрахам Линколн, кој два дена по атентатот врз него, починал во куќата на кројачот Вилијам Петерсон. Имено, и на Линколн, исто како и на Фиц, во тоа време пукал популарен актер и познат американски интелектуалец, Џон Вилкен Бут. За разлика од „храбриот“ Цинтила, Линколн бил застрелан од Бут во ложата во театарот „Форд“ во Вашингтон, пукајќи му во глава, од зад грб. Настанот се случил на 14 април 1865 г. Атентаторот бил пронајден и застрелан на една фарма во Вирџинија, петнаесет дена по злосторот и тогаш изјавил дека уште во детството некоја гатачка му предвидела дека ќе стане славен откако ќе стори „неубаво дело“, а дека тој тоа го поистоветил со чинот на убиството на тогашниот претседател Линколн.

**Зарем и ти сине Бруте? !**

Гледано досега, словачкиот премиер е последен државник врз којшто е извршен атентат но, она што е извесно е дека првиот, којшто се смета за прва жртва на атентат во нашата цивилизација е Гај Јулие Цезар. Овој голем римски војсководец бил убиен на 14 март 44 г. пред Христа, во време кога во Рим се прославувало во чест на богот Марс, на денот на таканаречените Мартовски иди. Тој настан е најчесто споменуван во современата цивилизација по зборовите што наводно Цезар ги кажал пред да си замине од овој свет. Цезар рекол: Зарем и ти сине Бруте, кога меѓу заговорниците на атентатот, кои со мечови се нафрлиле врз него, го здогледал и својот штитеник и најблизок соработник, Брут. Таа фраза, инаку синоним за предавство од некој близок, станала актуелна од 1599 г., односно од првото прикажување на драмата на Шекспир со наслов „Јулије Цезар“. Имено, се смета дека тие зборови на Цезар му ги „вметнал“ токму Шекспир, бидејќи римскиот правник и писател Гај Светоније Транквил оставил запис дека очевидците на убиството на Цезар тврделе дека неговите последни зборови биле: „И ти ли, дете мое“. Инаку, атентатот врз големиот

војсководец го извршиле 44 сенатори, а подоцна, неговиот лекар утврдил дека од 23 убоди во неговото тело, само еден бил смртоносен. Дали токму оној зададен од Брут, никој не знае. Но, она што се знае е тоа дека, сите атентатори потоа биле или убиени или се самоубиле, по налог на Октавијан Август, еден од тројцата наследници на Цезар.

**Ганди и Кенеди — големи души во валканиот свет**

Атентатите врз Махатма Ганди и Џон Кенеди се без пресадан и не можат да се споредат со оние 217 атентати, изведени на историски личности. И двајцата се убиени во различни времиња и во различни историски околности, но и двајцата биле



визионери какви што до ден-денес нема уште на планетава. Нивните животни девизи, „Чесно и без насилство, заради доброто на сите нас“, имале немерливо влијание врз свеста на дел од човечката популација, но не и на двајцата нивни сонародници-платени убијци.

Моханданс Карамчад Ганди, од големиот индиски поет Рабиндранат Тагоре, крстен и како Махатма (Голема душа), создавач е на навидум апсурдна филозофија - без насилство да се победи, и од големата Индија ја присили Англија, како моќна колонијална сила да се повлече. Почнувајќи од 1920 г., по враќањето од Јужна Африка, каде работел како правник, па сè до својата насилна смрт, 1948 г., работи на ослободување на Индија. Индијците ги научил да ги игнорираат на сите полиња колонијалните англиски власти, да бојкотираат сè што има врска со нив и тоа да го прават без никаков отпор. Тој со начин на секојдневно живеење им бил пример, па и во тоа што и самиот бил апсен, осудуван, па дури и мачен. Но, кога Индија станала независна држава, а тој се посветил на својата аскетска медитација, на 30 јануари 1948 г., на патот кон местото каде што одел на молитва, го нападнал хинду фанатик, Натхурам Годсе, и го усмртил. Зад големата душа на Ганди останал гандизмот, движење кое светот ќе го сврти кон вредностите кои се викаат вистина и ненасилство.

Со гандиевски поглед на светот, во почетокот на шеесеттите години од минатиот век, на чело на САД ќе дојде Џон Ф. Кенеди, еден од синовите на капиталистот Џозеф Кенеди. Човек којшто ќе стане синоним за многу нешта кои му недостасуваат на денешниов свет. Џон, својата функција ќе ја подреди на возвишени нешта и тоа, за жал, ќе го прати на оној свет. Неговата смрт сè уште е неразјаснета. Го застрелал Ли Харви Освалд, на 22 ноември 1963 г. Тој настан е една од вечните медиумски теми, пред сè заради тоа што сè уште не се знае кој е организатор на атентатот, но и поради тоа што пет години подоцна, на истиот начин ќе заврши и неговиот помал брат, Роберт. Неговиот убиец, Ли Харви, животот ќе заврши од „ист меч“. Него ќе го застрела Џек Рубештајн, сопственик на ноќен клуб во Далас, само два дена по неговото злосторство.

**Вистинити и измислени атентати**

Во историјата на нашата цивилизација неколку атентати имале радикално влијание врз понатамошните случувања во светот или во некои негови делови. Меѓу нив се атентатите на австроунгарскиот престолонаследник Франц Фердинанд во Сараево 1914 г., кој бил директен повод за почетокот на Првата светска војна. Убиството на царското семејство Романови во Русија, атентатот врз југословенскиот крал Александар Караѓорѓевиќ во Марсеј 1934 г., атетатот врз Лав Троцки, прв соработник на Ленин и убиството на Мартин Лутер Кинг во 1968 г. Во вакви атентати се вбројуваат и убиствата на: Индира Ганди 1984 г., Анавр ел Садат 1981 г., Алдо Моро, Улоф Палме, Беназир Буто во 2007 г. и на српскиот премиер Зоран Ѓинѓиќ во 2003 г. Листата на атентати на познати личности е навистина долга, но би бил излишен секаков обид за нивно опишување. Ќе ги спомнеме имињата на оние личности кои не биле политичари, ниту државници, а кои страдале од раката на платени или, пак, абнормални убијци, на луѓе што во сферите во кои делувале, оставиле планетарна трага. На таа листа се Ернесто Че Гевара, Џон Ленон, Распутин, руски јасновидец и ликовен уметник, потоа Енди Ворхол и др. При крајот на минатиот век, во светот на политичката пропаганда, ќе дојде до појава на измислени атентати. Имено, сакајќи да го свртат вниманието на јавноста, властите во некои земји објавувале дека бил спречен атентат на некоја личност, со намера да се предупреди на можно убиство на некој државник, особено во земјите на Латинска Америка.

Миле Раденковиќ

# Фидел Кастро ја избегнал смртта 638 пати

Легендарниот революционер и повеќедецениски претседател на Куба, Фидел Кастро, најверојатно бил миленик на сите овоземни и небески богови. Почнувајќи од 1953 г., па сè до неговата смрт во 2016 г., имало 638 обиди за негова ликвидација. Податокот е повеќе од апсурден, попрецизно кажано, ова било рецидив на една воено-политичка пропаганда во овој биполарен свет. Како и да е, филмските работници во Куба снимиле серија во повеќе епизоди за сите атентати на нивниот сакан „Ел команданте“. Далеку зад Кастро остануваат Тито, Черчил, Шарл де Гол, Сталин и Хитлер. Врз маршалот на поранешна Југославија, наводно имало 50 обиди за убиство, а куриозитет е што во повеќе од нив бил замешан извесен Никола Каваја, познат антикомунист и белосветски терорист. Веднаш зад Тито е Адолф Хитлер, најголемиот злосторник во поновата светска историја, врз кој имало 27 обиди за атентат, меѓутоа сите биле без успех. Меѓу државниците коишто имале среќа „за влакно“ се францускиот претседател Шарл де Гол, британскиот државник Винстон Черчил, но и првиот претседател на Република Македонија, Киро Глигоров.

Миле Раденковиќ





# Елизабет Саутерден Томпсон (лејди Батлер)

## Жената која го визуелизирала митот за британскиот војник

Елизабет Саутерден Томпсон, подоцна позната како лејди Батлер, била британска сликарка која специјализирала сликање сцени од британските воени кампањи и битки, вклучувајќи ги Кримската војна и војните на Наполеон. Едни од нејзините позначајни дела се „The Roll Call“, коешто го купила кралицата Викторија. „Одбраната на дрифтот на Рорке“ и „Шкотска засекогаш“ (ги прикажува шкотските сили во Ватерло).

Елизабет Саутерден Томпсон за нејзините воени слики во Автобиографијата објавена во 1922 г. напишала: „Никогаш не сликав за славата на војната, туку за да го прикажам нејзиниот хаос и херојство“. Инаку, Елизабет Саутерден Томпсон била прогласена за витез и оттогаш се именува како лејди Батлер. Родена е на 3.11.1846 г. во  Лозана, Швајцарија. Почнала да посетува уметничка настава во 1862 г., додека растела во Италија. Елизабет почнала да ги изложува своите уметнички дела, обично акварели, уште како студент. Во 1867 г., еден акварел, „Баварската артилерија оди во акција“, бил прикажан во галеријата „Дадли“, една од галериите што ги претпочитаат жените-уметници. Истата година таа изложила и слика во масло,„ Коњи во сонце“, во Друштвото на женски уметници. Сликите ги потпишувала под различни псевдоними како Е.Б., Елизт. Томпсон, или Мими Томпсон. Отпрвин сликарството на Батлер било со религиозни теми, како што е на пример сиката „Величествениот“ (1872), но по заминувањето во Париз во 1870 г., го менува својот  фокус и преминува кон новаол фасцинација – сликање на воени сцени. Со сликата „Исчезната“ (1873), што претставува борбена сцена на Француско-пруската војна, која ги прикажува страдањата и херојството на обичните војници, таа добила можност за конкурирање на Кралската академија. Сликата на Батлер, „The Roll Call“, која прикажува низа војници изнемоштени од војната, била прикажана во 1874 г. на Летната изложба на Кралската академија и станала толку популарна што покрај сликата морал да биде стациониран полицаец за да ја регулира толпата што доаѓала да ја види. „Шкотска засекогаш“ е слика во масло од 1881 г. на Лејди Батлер, која го прикажува почетокот на налетот на кралските шкотски сили, британски тежок коњанички полк кој ита кон

битката на Ватерло во 1815 година. Сликата е репродуцирана многупати и се смета за исконска претстава на самата битка и на херојството. Иако Батлер никогаш не видела битка во живо, неа ѝ било дозволено да го гледа полкот на нејзиниот сопруг за време на тренинзите, позиционирајќи се пред коњите во налет, со цел да го набљудува нивното движење. Коњите, кои доминираат на сликата, се тешки сиви планински, наводно користени од полкот во текот на неговата историја до механизацијата, иако во Ватерло се чини дека имале кафени коњи како и другите тешки коњанички полкови, но таа ги сликала во бело-сиви бои, прикажувајќи ја симболиката на победата, а името „сиви" всушност, потекнува од сивите униформи кои полкот ги носел на почетокот на 18 век. Насловот на сликата таа го пронаоѓа во борбениот крик на војниците „Сега мои момчиња, Шкотска засекогаш" . Сликата „Остатоците од армијата во Џелалабад", дело коешто го насликала на 13 јануари 1842 г., попознато како „Остатоци од армијата", е слика на масло на платно од 1879 г. која го прикажува Вилијам Брајдон, помошник-хирург во бенгалската армија, кој пристигнува пред портите на Џалалабад во јануари 1842 година. Ѕидовите на Џалалабад се надвиснуваат над пуста рамнина и јавачите од гарнизонот галопираат од портата за да стигнат до осамената фигура која го носи првиот збор за судбината на авганистанската армија". Се сметало дека Брајдон е единствениот преживеан од околу 16.000 војници и следбеници на логорот од повлекувањето од Кабул во 1842 година за време на Првата англо-авганистанска војна, и е прикажан како се обидува да ги помине последните неколку милји на исцрпен коњ. Сликата е направена за време на Втората англо-авганистанска војна. Нејзината слава се зголемува како што сликите ја обиколуваат Европа, заедно со фотографиите на Елизабет. Таа добива уште повеќе внимание затоа што луѓето дознаваат дека таа е млада и убава жена, нешто што обично не се поврзувало со сликарите на борбени сцени. За нејзината слава и популарност придонело и тоа што во тоа време, имало огромен наплив на викторијанска гордост и романтизам за растечката Британска Империја. Иако темите на Лејди Батлер рефлектираат таков романтизам, нејзините слики главно се реалистични, со многу детали и со прецизно прикажани психолошки моменти. Нејзините дела се фокусираат на британските трупи прикажани во акција, или набргу после тоа, но таа избегнува сцени на самата борба. Во 1879 година, Батлер успева да освои два гласа, коишто и биле потреби за да стане првата жена која би била избрана за придружна членка на Кралската академија. На крајот, првата жена-придружна членка станува Ени Свинертон, избрана во 1922 г., а првиот полноправен член е Лаура Најт во 1936 година. По нејзиниот брак во 1877 г. со Вилијам Френсис Батлер, угледен офицер на британската армија од Типерари, Ирска, Елизабет Томпсон станува лејди Батлер и во тој период таа отпатувала до далечните делови на Империјата со нејзиниот сопруг и ги одгледала нивните шест деца. Батлер, исто така, во тој период прави црно-бели илустрации, со песни од нејзината сестра, Алис Мејнел, и со делата на Такери. Таа ги изложува своите дела во Палатата за ликовни уметности на изложба во 1893 г. во Чикаго, Илиноис. По пензионирањето на нејзиниот сопруг се преселиле во Ирска. Меѓу сликите што ги однела со себе во Ирска имало и акварели, што ги сликала додека била со сопругот во Палестина. За време на Граѓанската војна во Ирска, акварелите биле префрлени кај нејзината ќерка во замокот Горманстон на чување, но речиси сите биле уништени од германските бомбардирања за време на Втората светска војна. Лејди Батлер станала вдовица во 1910 година, а починала непосредно пред нејзиниот 87. роденден. Лејди Батлер е вклучена во изложбата „Жените во Париз 1850 – 1900" во 2018 г., додека драмата „Модест" од 2023 г. го опфаќа нејзиниот живот од почетокот на нејзиното сликарство, односно со сликата „Roll Call", па до нејзиното неприфаќање за соработник на Кралската академија.

м-р Трајче Чатмов







# „Пинокио“ Јазлите на фашистичка Италија

Повеќето од нас се запознаени со филмот на Дизни за куклата наречена Пинокио, којашто станува момче. Постојат многу адаптации на оваа приказна, направени според книгата на Карло Колоди „Авантурите на Пинокио“, но последната од нив, која во 2022 година се закити со наградата Оскар за најдобро филмско остварување и која видно отскокнува од другите адаптации, е онаа на веќе докажаниот режисер Гилермо дел Торо. Пинокио во оваа адаптација е претставен како идеален војник во времето на фашистичка Италија во 1930 година на чело со Бенито Мусолини.

Приказната започнува со убавиот соживот помеѓу столарот Џепето и неговиот син Карло. Еден ден Карло го губи својот живот при бомбардирање на црквата во неговото гратче, со што го остава својот татко Џепето во длабока жалост. Поминуваат години, а жалоста на Џепето не поминува. Тој го бара спасот во алкохолот и живее еден очаен, несреден живот. По неколку години нештата се менуваат и спасот за Џепето не е повеќе алкохолот туку една дрвена кукла, која тој ја изработува и ја именува Пинокио и која во целост му го менува животот. Ова не е обична дрвена кукла туку е жива кукла, речиси со сите особини на едно момче. Таа е оживеана од страна на добрата самовила. Пинокио за разлика од Карло е многу непослушен и го доведува Џепето во многу неприлики. Кога треба да појде на училиште за прв пат, тој, наместо таму, подведен од страна на двајца измамници да потпише договор со нив, иако не знае што пишува на договорот, поаѓа да настапува на нивниот карневал како жива марионета. Тука Пинокио е вистинска ѕвезда и за прв пат луѓето го прифаќаат и го сакаат, за разлика од неговата претходна перцепција на сограѓаните кон него, како кон чудак или демон отфрлен од страна на црквата и општеството воопшто, пред сè, поради неговата поинаквост и непослушност. Тој дури и во рамките на карневалот продолжува да биде непослушен, особено кога Мусолини, прикажан како карикатура на мало човече, ќе присуствува на една од неговите претстави и Пинокио наместо да ја отпее песната за таквата „возвишена“ прилика, се исмева со него, пеејќи невкусни стихови со потсмев. Мусолини наредил Пинокио веднаш да се убие и да се запали сè што припаѓа на карневалот. За чудо Пинокио оживува, бидејќи како дрвена кукла не може никогаш да умре. Заради таа необична сособност е испратен од страна на властите да биде трениран за идеален војник. Тука тој повторно покажува непослушност и ѝ се спротивставува на војната како лоша, што го прави да биде антивоен херој.

За време на воениот тренинг повторно се случува бомбардирање и Пинокио повторно го губи својот живот и повторно оживува. Во меѓувреме Џепето постојано го бара Пинокио и завршува проголтан од еден голем кит, хранејќи се со рибите кои се во внатрешноста на китот. Пинокио упорно го бара Џепето кого го гледа и го сака како татко, па успева да стигне до него и да го спаси по цена да престане да биде бесмртен.Така, спасувајќи го Џепето, Пинокио умира. Но нештата се менуваат кога желбата на штурчето што живее во срцето на Пинокио, желба која му е ветена од страна на добрата самовила, под услов да го чува Пинокио и да го насочува во секојдневните предизвици,











ќе му се исполни. Штурчето, наместо да посака слава, неговата првобитна желба и повод да се зафати со улогата на чувар на Пинокио, воден од љубовта кон Пинокио, ќе посака Пинокио повторно да стане бесмртен. Самовилата ќе му ја исполни оваа несебична жела, па така, како и во Дизниевата верзија и оваа верзија ќе се здобие со среќен крај. Сепак, за разлика од Пинокио креиран од Дизни, овој Пинокио не станува вистинско момче од крв и месо туку си останува тоа што е – слободна, непослушна, полна со живот и добрина дрвена кукла. И, токму како таков е прифатен од својот татко Џепето, како и од сограѓаните.

Дел Торо во ова негово ремек дело ни ја отсликува темната страна на фашистичка Италија во 1930-та година. Тој ја поставува послушноста како најважна особина во рамките на Мусолиниевиот режим. Преку дрвената кукла Пинокио тој го потенцира апсурдот на таквиот режим во кој живите, граѓаните, со својата претерана послушност, се однесуваат како кукли- марионети на фашизмот, а Пинокио, кој што е дрвена кукла е единствениот кој се однесува како слободен човек, па постојано е казнуван заради сопствената слобода и демонизиран од страна на верниците и останатите послушници во тогашната фашистичка Италија. Интересно е прикажано неговото вештачко доаѓање на свет, поради што тој нема никакво минато, никакво претходно воспитување, па со тоа и никакви предрасуди. Со свежи очи го гледа светот и поставува клучни прашања пред нештата кои другите ги земаат здраво за готово. Во текот на целиот филм Пинокио постојано повторува дека војната е лоша и за време на тренинзите во воениот камп, тој се спријателува со неговиот поставен непријател. Ова пријателско однесување е ново и збунувачко за останатите потенцијални војници и за нивниот командант.

Општо познато е дека во војната сите се губитници, Пинокио успеал да докаже дека секогаш и не е баш така, на тој начин што спријателувајќи се со својот непријател, ги прави двете завојувани страни победници. Ова сосема ново претставување на војната, Дел Торо успева да го прикаже преку овој поинаков Пинокио, со тоа што повторно, како во неговите претходни филмски остварувања, кои се дел од неговата трилогија, „Лавиринтот на Пан“ и „'Рбетот на ѓаволот“, мешајќи ја фантазијата, детската наивност и неискорумпираност со грозоморноста и реалната бруталност на сè она што го носи војната. Неговото творештво е карактеризирано со силна конекција помеѓу бајките и хоророт, како и тенденцијата да ѝ даде визуелна и поетска убавина на гротеската.Тој е фасциниран од чудовиштата, кои ги смета како симбол на моќ. Познат е по применување на темите, како што се католицизмот, антифашизмот, подземните мотиви и употребата на практични визуелни ефекти. Неговите херои се идеолошки неопределени и како „аутсајдери“ имаат свеж и поинаков поглед на светот, укажуваат на заслепеноста на луѓето, предводени од минатите вредности и традиции, како и нивното верување во најразлични идеологии кои ги раздвојуваат и ги прават да бидат непријатели едни со други. Пинокио постојано повторува дека војната, всушност, е непријателот, а не учесниците во неа. Со овој филм Дел Торо во 2022 година заслужено се закитува со оскарот за најдобро филмскко остварување. Со својата оргиналност и маестрално изведената анимација, овој филм може да го гледаат и децата и возрасните, а верувајте, филмов навистина вреди да се погледне.

Ивана Лазаревиќ



**Режија:** Гилермо дел Торо, Марк Густафсон

**Улоги:** Ијан Мекрегор, Дејвид Бредли, Грегори Ман, Бирн Горман, Рон Перлман, Џон Туртуро, Фин Волфхард, Кејт Бланшет, Тим Блејк Нелсон, Кристофер Валц, Тилда Свинтон

**Жанр:** анимиран, музички, мрачно фантастичен

**Сценарио:** Гилермо дел Торо, Патрик Мекхејл

**Нарација:** Ијан Мекрегор

**Базиран на:** „Авантурите на Пинокио“ од Карло Колоди

**Продуцент:** Гилермо дел Торо, Лиса Хемпсон, Гари Унгар, Алекс Балкли, Кори Камподонико

**Дистрибутер:** Нетфликс

**Кинематографија:** Франк Пасингам

**Музика:** Александар Диспле

**Монтажа:** Кен Шрецман,  Холи Клајн

**Година:** 2022

**Јазик:** англиски

**Земја:** САД, Мексико

**Времетраење:**117 минути

**Буџет:** 35 милиони долари



# Пештерата Пешна – спо
# Макед

На само пет-шест километри од Македонски Брод, по патот за с. Самоков, е пештерата Пешна, споменик на природата. Се наоѓа од десната долинска страна на реката Треска. Пештерата Пешна, која е со најголем отвор на Балканот, е изградена во доломитски мермери и со димензии 16,8 * 52,4 метри. Пештерата Пешна го добила името по сестрата на Крале Марко – Пешна. Според легендата, уште во 14 век опеаниот македонски јунак Крали Марко и изградил куќа на својата сестра. Куќата ја изградил на самиот почеток од пештерата, која подоцна почнала да се нарекува Пешна. Со своите огромни и дебели камени ѕидови, куќата наликува на мала тврдина. Благодарение на дебелите каменити ѕидови, денес останал еден дел од тврдината и тоа може да се види. Наспроти пештерата, од другата страна на ридот, се Девините Кули, каде што подоцна престојувале двете сестри на Крале Марко.
Пештерата Пешна е ремек-дело на природата, не само според својата величествена големина, туку и по грандиозноста и убавината која го плени секој посетител и го остава без здив.
Според спереолозите, ова е најголемиот пештерски влезен отвор на Балканот. Таванскиот дел на отворот има висина од 40 метри, а самата пештера околу 50 метри. Должината на пештерата е 124 метри. Во пештерата се гнездат ластовици, а во неа живеат и лилјаци.
Локалитетот на пештерата Пешна е пристапен за сите посетители. До самиот влез е изградена пристапна патека, а во подножјето има мала црквичка и простор за одмор и релаксација. Овој дел е со пријатен амбиент и има можност за рекреативен туризам.
Интересно е што кога се топат снеговите од високите планини во тој предел, на влезот од пештерата тече мала река, која извира од малото езеро кое се наоѓа на крајот од пештерата. Ќе забележите, како што пишавме, дека тука ве пречекуваат остатоците од куќата на Пешна. А, веднаш зад нив, е пештерата која ви го одземе здивот. На горниот дел од пештерата има прекрасни форми направени од самата карпа, кои дефинитивно ќе ви го задржат погледот. Без разлика каде ќе го спуштите вашиот поглед, тој наидува на карпи кои достигнуваат големина и над два метри, со прекрасен разигран релјеф. Во подземните езера на Пешна се пронајдени неверојатни слепи риби, какви што нашите спелеолози не виделе на ниедно друго место.
На неколку стотини метри од пештерата тече реката Треска, која е идеално место за одмор и релаксација, но и за рибарење. Во непосредна близина има неколку рибници кои можат да се посетат и таму да се вкусат убаво подготвени пастрмки.
Така, посетувајќи ја пештерата Пешна и шетајќи по течението на реката Треска, ќе поминете убав и пријатен ден и ќе уживате во убавините на Македонија.

Каролина Мицевска
Зоран Василески



# оменик на природата во донија








